СОВЕТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА НА РМ

# ИЗВЕШТАЈ

**за работата на Советот за радиодифузија на РМ за периодот од 01.1.2011 до 31.12.2011**

**Скопје, март 2012**

# Содржина

**ВОВЕД** ....... 8

**1. РАДИОДИФУЗНА РЕГУЛАТИВА** ....... 12

1.1 Законот за радиодифузната дејност и новата регулатива за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ....... 12

1.2 Измени и дополнувања на Изборниот законик ....... 13

1.3 Подзаконски и други акти донесени од страна на Советот ....... 14

**2. ДОЗВОЛИ ЗА ВРШЕЊЕ РАДИОДИФУЗНА ДЕЈНОСТ** ....... 16

2.1 Доделување нови дозволи за вршење радиодифузна дејност ....... 16

2.2 Одземање дозволи за вршење радиодифузна дејност ....... 17

2.3 Престанок на важност на дозволи за вршење радиодифузна дејност ....... 18

2.4 Поведени стечајни постапки односно претходни постапки за испитување на условите за отворање стечајна постапка над радиодифузерите ....... 18

2.5 Вкупен број на радиодифузери кои поседуваат дозвола за вршење радиодифузна дејност ....... 18

**3. НАДЗОР ВРЗ РАБОТЕЊЕТО НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ** ....... 19

3.1 Мониторинг на програмските обврски на радиодифузерите ....... 19

3.1.1 Јавен радиодифузен сервис ....... 20

3.1.2 Комерцијален сектор ....... 21

3.1.3 Ад хок мониторинзи на барање на Советот ....... 22

3.1.4 Мониторинзи по претставки ....... 23

3.1.5 Мониторинг на медиумското известување за Предвремените парламентарни избори 2011 година ....... 23

3.2 Укажувања, изречени мерки и поведени прекршочни постапки кон радиодифузерите врз основа на редовните мониторинзи од страна на Советот за радиодифузија на РМ согласно Законот за радиодифузната дејност ....... 25

3.2.1 Укажувања ....... 25

3.2.2 Мерки ....... 27

3.2.3 Прекршочни постапки ....... 30

3.3 Укажувања и поведени прекршочни постапки кон радиодифузерите врз основа на спроведениот мониторинг во текот на Предвремените избори за пратеници во Собранието на РМ во 2011 година ....... 31

3.3.1 Укажувања ....... 31

3.3.2 Прекршочни постапки ....... 32

**4. НАДЗОР ВРЗ РАБОТЕЊЕТО НА ЈАВНИТЕ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ** ....... 34

4.1 Регистрација на програмските пакети ........ 34

4.2 Мониторинг на пакетите програмски сервиси ........ 36

4.3 Изречени мерки ........ 38

4.3.1 Налози за исклучување програмски сервиси ........ 38

4.3.2 Прекршочни и кривични постапки против операторите на јавна комуникациска мрежа ........ 38

4.4 Други преземени активности ........ 39

**5. АНАЛИЗИ** ........ 40

5.1 Анализа на пазарот на радиодифузната дејност за 2010 година ........ 40

5.1.1 Клучни наоди за телевизиската индустрија ........ 41

5.1.2 Клучни наоди за радиската индустрија ........ 42

5.1.3 Клучни наоди за пазарот на огласување ........ 42

5.2 Анализа на структурата на вработените во радиодифузната индустрија ........ 43

5.2.1 Клучни наоди за структурата на вработените во телевизиската индустрија ........ 43

5.2.2 Клучни наоди за структурата на вработените во радиската индустрија ........ 44

5.3 Полугодишна анализа на следењето на сопственичката структура на радиодифузерите и на нивните обврски во поглед на ........ 44

транспарентноста на сопственоста и изворите на финансирање ........ 44

5.4 Годишна анализа за надзорот врз обврските на операторите на јавни комуникациски мрежи ........ 45

5.5. Анализа на сите спроведени мерки изречени од страна на Советот за радиодифузија на РМ кон радиодифузерите и најчести прекршувања во периодот од 1-ви јануари до 30-ти јуни 2011 година ........ 45

5.6 Правна анализа на резултатите од поведените прекршочни постапки против радиодифузерите во периодот од јануари до јуни 2011 година ........ 47

5.7 Годишна анализа за законските обврски на радиодифузерите за зачувување на културниот идентитет ........ 49

**6. СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА НА ТРГОВСКИТЕ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА** ........ 50

6.1 Следење на сопственичката структура на радиодифузерите ........ 50

6.2 Промени во сопственичката структура ........ 50

6.3 Недозволена медиумска концентрација ........ 51

6.4 Транспарентност на сопственичката структура ........ 53

**7. РАДИО И ТЕЛЕВИЗИСКИ ПРОГРАМИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС** ........ 53

**8. ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА СОВЕТОТ** ........ 53

8.1 Наплата на радиодифузната такса ........ 53
8.2 Ослободување од плаќање радиодифузна такса ........ 54
8.3 Наплата на надоместокот за дозволи за вршење радиодифузна дејност........ 55
8.4 Трансформација на поранешните локални јавни радиодифузни претпријатија........ 55
**9. ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ**........ 56
**10. ИЗВЕШТАЈ ЗА ВОДЕЊЕТО НА УПРАВНАТА СТАТИСТИКА** ........ 57
**11. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ТЕЛА, ИНСТИТУЦИИ И ОРГАНИЗАЦИИ**........ 58
11.1 Соработка со Координативното тело за интелектуална сопственост ........ 58
11.2 Соработка со Министерството за транспорт и врски ........ 58
11.3 Соработка со Министерството за култура ........ 58
11.4 Соработка со Министерството за економија ........ 59
11.5 Соработка со Министерството за финансии ........ 59
11.6 Соработка со АЕК и со МРД ........ 59
11.7 Соработка со Народниот правобранител........ 60
11.8 Соработка со Министерството за труд и социјална политика........ 60
11.9 Соработка со Секретаријатот за европски прашања ........ 60
11.10 Соработка со Државната комисија за спречување на корупцијата........ 60
11.11 Соработка со Дирекцијата за заштита на личните податоци ........ 61
**12. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА** ........ 62
12.1 Соработка со Европската Комисија ........ 62
12. 2 Европска платформа на регулаторните тела (ЕПРА) ........ 63
12.3 Соработка со Медитеранската мрежа на регулаторни тела (МНРА) ........ 63
12.4 Иницијатива за формирање Мрежа на регулаторни тела на Југоисточна Европа... 63
12.5 Соработка со странски регулаторни тела и друга меѓународна соработка........ 63
12.6 Друга билатерална соработка ........ 64
12.7 Користење на ИПА-фондовите на ЕУ ........ 64
12.8 Засилување на капацитетите на работната група за ИПА ........ 65
12.9 Учество на Советот во Националниот план на РМ за Алијансата на цивилизациите на Обединетите нации ........ 65
**13. ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА СОВЕТОТ**........ 65
13.1 Облици на комуникација со јавноста........ 65
13.2 Пристап до информации од јавен карактер ........ 66
**14. МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА СОВЕТОТ, КАДРОВСКИ И ТЕХНИЧКИ РЕСУРСИ** ........ 66

14.1 Материјално-финансиско работење на Советот ........ 66
14.2 Кадровски ресурси на Советот ........ 68
14.3 Технички ресурси на Советот ........ 68
**ПРИЛОЗИ** ........ 70
**Прилог бр.1** ........ 71
Укажувања од редовниот мониторинг спроведен од Советот за радиодифузија на РМ во 2011 година ........ 71
**Прилог бр.2** ........ 98
Изречени мерки од редовниот мониторинг спроведен од Советот за радиодифузија на РМ во 2011 година ........ 98
**Прилог бр.3** ........ 126
Преглед на поднесени барања за поведување на прекршочни постапки од Советот за радиодифузија, во текот на 2011 година, против радиодифузерите за повреди на Законот за радиодифузната дејност ........ 126
**Прилог бр.4** ........ 129
Укажувања во време на Предвремените парламентари избори во Република Македонија во 2011 година ........ 129
**Прилог бр.5** ........ 137
Поведени прекршочни постапки против радиодифузерите во време на Предвремените парламентарни избори во Република Македонија во 2011 година ........ 137
**Прилог бр.6** ........ 148
Налози за исклучување на програмски сервиси на оператори на јавна комуникациска мрежа во 2011 година ........ 148
**Прилог бр.7** ........ 153
Прекршочни постапки против операторите на јавна комуникациска мрежа во 2011 година ........ 153
**Прилог бр.8** ........ 157
Предлози до Координативно тело за интелектуална сопственост при Влада на РМ во 2011 година ........ 157
**Прилог бр.9** ........ 160
Сопственичка структура на трговските радиодифузни друштва ........ 160
**Прилог бр. 10** ........ 169

Барања за пристап до информации од јавен карактер ........................................................ 169

# ВОВЕД

Во текот на 2011 година, Собранието на Република Македонија го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за радиодифузната дејност, со кој бројот на членовите на Советот за радиодифузија на РМ се зголеми од 9 на 15 члена. Со оглед на тоа, а врз основа на членовите 23 и 28 став 1 од Законот за радиодифузната дејност, Собранието на Република Македонија, донесе Одлука за избор на членови на Советот за радиодифузија, со која се избраа 6 (шест) членови на Советот, со мандат од шест години. Исто така, се зголеми бројот на овластените предлагачи за членови на Советот за радиодифузија, при што како овластени предлагачи, покрај постојните, се јавуваат и: Претседателот на Република Македонија кој предлага 2 члена на Советот, Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија која предлага 2 члена на Советот, Комисијата за заштита на конкуренција која предлага еден член на Советот и Државната комисија за спречување на корупцијата која предлага еден член на Советот. Со зголемувањето на бројот на членовите на Советот за радиодифузија на РМ, се измени и ставот од Законот, дека Советот за радиодифузија може да работи доколку се избрани најмалку единаесет членови на Советот и дека работи со кворум од најмалку девет члена на Советот.

Во текот на извештајниот период, Советот одржа 17 редовни седници и четири јавни седници. 3-та седница, посветена на операторите на јавна комуникациска мрежа имаше и осум продолженија, а 9-та седница, посветена на Предвремените парламентарни избори, имаше и 13 продолженија.

Советот го измени и Деловникот за работа со што на сите медиуми и заинтересирани субјекти им се овозможи директно присуство на седниците. На овој начин, Советот придонесе кон поголема промоција на неговата работа во јавноста.

Претставници на Советот за радиодифузија влегоа во состав на работната група, формирана од надлежното Министерство за транспорт и врски на РМ, во функција на подготовка на новата регулатива за аудио и аудиовизуелните медиумски услуги. Работната група одржа неколку состаноци, но преземените активности претставуваа само почеток на процесот на усогласување на постојното законодавство во Република Македонија со новата европска регулатива за аудио и аудиовизуелните медиумски услуги.

Во меѓувреме Советот подготви и текст на Предлог за интервентни измени на Законот за радиодифузната дејност, во делот што се однесуваше на работата на операторите на јавни комуникациски мрежи, инспекцискиот надзор и казнените одредби, доставен во декември 2011 година, до надлежното Министерство за транспорт и врски на Република Македонија. Со изготвениот текст, покрај другото, беше предложено давање на инспекциски овластувања на Советот за радиодифузија, во делот што се однесува почитувањето на авторските и сродните права, како и поефикасни законски решенија во поглед на спречувањето и санкционирањето на реемитувањето на радио и телевизиски програмски сервиси без уредени авторски и сродни права и без нивно регистрирање во програмскиот пакет, со предлог целата постапка на проверка на регулираноста на авторските и сродни права и регистрацијата на програмските пакети да биде во надлежност на Советот за радиодифузија.

Во текот на 2011 година беа спроведени бројни активности поврзани со програмските аспекти од работењето на радиодифузерите. Дел од нив беа планирани со Програмата за работа на Советот и тие подразбираа редовни мониторинзи на остварувањето на програмските обврски на сателитските и терестријалните (национални, регионални и локални) радија и телевизии, анализи на Јавниот радиодифузен сервис, мониторинзи спроведени врз основа на претставки од граѓаните, активности произлезени од одлуките на Советот итн. Освен планираните, беа реализирани и низа дополнителни активности, а спроведувањето на мониторингот на Предвремените парламентарни избори 2011 година, целосно ги помести работите планирани за второто тромесечие, во вториот дел од годината.

Советот беше законски обврзан, за Предвремените парламентарни избори 2011 година, да врши мониторинг не само на текот на изборната кампања, туку и на медиумското известување во периодот пред таа да започне. За да може овие обврски да се завршат успешно, се реализираа обуки за радиодифузерите; беше обучена мрежата надворешни соработници, беа подготвени материјалите со чија помош тие учествуваа во вршењето на мониторингот; податоците се внесуваа во софтверот, се вршеше нивна логичка контрола и анализа; се констатираа прекршувања направени од радиодифузерите и, врз основа на извештаи за нив, Советот одлучуваше за преземање мерки; имаше континуирана интензивна комуникација со радиодифузерите, надворешните соработници и граѓаните во врска со прашања поврзани со кампањата. Советот, покрај тоа, изготви извештаи за однесувањето на медиумите пред почетокот на кампањата, во текот на првите десет дена од кампањата и по нејзиното завршување (тие беа презентирани на прес-конференции), како и финален сеопфатен Извештај од мониторингот на медиумското покривање на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2011 година, кој беше објавен како посебна публикација. Целиот мониторинг во време на Предвремените парламентарни избори 2011 година, Советот за радиодифузија го реализираше со сопствени средства од буџетот на Советот.

Заради остварување на транспарентност во работењето и информирање на јавноста, приближување до граѓаните и до другите субјекти во радиодифузната дејност, Советот за радиодифузија комуницираше преку веб страницата, којашто беше редовно ажурирана на три јазика – македонски, албански и англиски. Во оваа насока беа објавени документи за јавни расправи со можност сите заинтересирани страни да доставуваат коментари и видувања, беа спроведени он-лајн анкети за прашања од радиодифузната област и беа објавувани соопштенија и известувања до медиумите за активностите на Советот. На веб страницата беа објавени програмата за работа и финансискиот план на Советот, како и сите правилници, упатства, препораки, одлуки, резултатите од спроведените мониторинзи, мерките преземени против прекршителите на законските и договорните обврски, печатените изданија на Советот, актуелни документи, конвенции, директиви, препораки и упатства на Европската Унија и Советот на Европа. Конкурсите за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност, покрај на веб страницата на Советот и во „Службен весник на РМ“, беа објавени и во дневните весници.

Во 2011 година беа изработени повеќе анализи. Беше изработена Анализа на пазарот на радиодифузната дејност за 2010 година, како и Анализа на

структурата на вработените во радиодифузната индустрија. Потоа, беа изготвени Полугодишна анализа на следењето на сопственичката структура на радиодифузерите и на нивните обврски во поглед на транспарентноста на сопственоста и изворите на финансирање, Годишна анализа за надзорот врз обврските на операторите на јавни комуникациски мрежи, Анализа на сите спроведени мерки изречени од страна на Советот за радиодифузија на РМ кон радиодифузерите и најчести прекршувања во периодот од 1-ви јануари до 30-ти јуни 2011 година, Правна анализа на резултатите од поведените прекршочни постапки против радиодифузерите во периодот од јануари до јуни 2011 година, како и Годишна анализа за законските обврски на радиодифузерите за зачувување на културниот идентитет.

Во извештајната 2011 година, во три конкурсни постапки Советот додели четири дозволи за вршење радиодифузна дејност со опфат на покривање на локално ниво. Во однос на техничките средства за пренос на програмата, една дозвола беше доделена за пренос преку јавна комуникациска мрежа – кабел, и три за пренос преку терестријален предавател. Од доделените четири дозволи, три беа доделени на трговски радиодифузни друштва, и една беше доделена на радио на локално ниво (во согласност со член 173, став 4 од Законот за радиодифузната дејност, по спроведена постапка на организациона и сопственичка трансформација на поранешните јавни претпријатија кои вршеа радиодифузна дејност).

Советот донесе Одлука за одземање на една дозвола за вршење радиодифузна дејност и две решенија за престанување на важноста на 2 дозволи за вршење радиодифузна дејност, согласно член 62 став 1 алинеја 2 од Законот за радиодифузната дејност, односно врз основа на писмена изјава на имателот на дозволата со која Советот се известува дека радиодифузерот престанува со емитување на радио или телевизиска програма.

Во текот на 2011 година, со Решение на Основниот суд Скопје II Скопје беше поведена претходна постапка за испитување на условите за отворање стечајна постапка над ТРД „А1 Телевизија" ДООЕЛ Скопје. Потоа, Основниот суд Скопје II Скопје донесе Решение со кое се отвори стечајна постапка над радиодифузерот ТРД „А1 Телевизија" ДООЕЛ Скопје. Врз основа на Решение за престанок на важност на одобренијата за користење на радиофреквенции во радиодифузна дејност донесено од Агенцијата за електронски комуникации од 29.07.2011 година, ТРД А1 престана со емитување на телевизискиот програмски сервис на 30.07.2011 година. До крајот на извештајната година, стечајната постапка над ТРД „А1 Телевизија" ДООЕЛ Скопје, сè уште беше во тек.

Со Решение на Основниот суд Скопје II Скопје, беше поведена претходна постапка за испитување на условите за отворање стечајна постапка над ТРД „А2 Телевизија" ДООЕЛ Скопје.

Заклучно со декември 2011 година, радиодифузниот сектор го сочинуваа вкупно 157 радиодифузери со дозвола за вршење радиодифузна дејност. Освен радио и телевизиските сервиси на МРТ, во етерот зрачеа 76 комерцијални телевизии, 78 комерцијални радио станици и 3 непрофитни радио станици на локално ниво.

Во текот на извештајната година, промена на сопственичката структура изврншија вкупно седум радиодифузери (три радиостаници и четири телевизии). Во функција на почитување на законската обврска за транспарентност на

сопственичката структура на радиодифузерите, Советот го следеше исполнувањето на оваа нивна обврска.

Постоење на недозволена медиумска концентрација беше констатирано кај две телевизиски станици што имаат дозвола за вршење радиодифузна дејност на локално ниво, како и кај три радиостаници, од кои една со дозвола за емитување програма на државно ниво и две со дозвола за вршење радиодифузна дејност на локално ниво. Согласно член 15 став 2, Советот им наложи на овие радиодифузери, во рок не подолг од три месеца од денот на утврдувањето на постоење недозволена медиумска концентрација, да го усогласат своето работење со одредбите од Законот за радиодифузната дејност. Во законски предвидениот рок, сите пет радиодифузери до Советот доставија докази дека ги отстраниле пречките за вршење радиодифузна дејност.

Важна активност на Советот и во оваа извештајна година беше надзорот врз програмите на радиодифузерите и врз остварувањето на обврските на операторите на јавни комуникациски мрежи.

Во текот на 2011 година продолжи соработката со повеќе домашни, странски и меѓународни регулаторни тела, институции и организации.

Советот за радиодифузија на Република Македонија беше домаќин на 33-та средба на Европската платформа на регулаторни тела (ЕПРА), која се одржа во мај 2011 година во Охрид. Претседавачот со ЕПРА го оцени состанокот како дотогаш најдобро организиран пленарен состанок на платформата и со писмо, упатено до Советот, посебно го пофали ангажманот на Советот.

# 1. Радиодифузна регулатива

## 1.1 Законот за радиодифузната дејност и новата регулатива за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Во извештајната 2011 година беше извршена една измена и дополнувања на Законот за радиодифузната дејност, објавена во „Службен весник на РМ“ бр.97 од 18.07.2011 година.

Имено, со наведената измена и дополнување, се зголеми бројот на членови на Советот за радиодифузија на РМ од девет члена на петнаесет члена. Исто така, се зголеми бројот на овластените предлагачи за членови на Советот за радиодифузија, при што како овластени предлагачи, покрај постојните, се јавуваат и: Претседателот на Република Македонија кој предлага 2 члена на Советот, Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија која предлага 2 члена на Советот, Комисијата за заштита на конкуренција која предлага еден член на Советот и Државната комисија за спречување на корупцијата која предлага еден член на Советот. Со наведените измени и дополнувања, се предвиде дека членовите на Советот кои се предложени од новоопределените овластени предлагачи се избираат во време од 6 години. Со зголемувањето на бројот на членовите на Советот за радиодифузија на РМ, се измени и ставот од Законот, дека Советот за радиодифузија може да работи доколку се избрани најмалку единаесет членови на Советот и дека работи со кворум од најмалку девет члена на Советот.

Во текот на 2011-та година, претставници на Советот за радиодифузија влегоа во состав на работната група, формирана од надлежното Министерство за транспорт и врски на РМ, во функција на подготовка на новата регулатива за аудио и аудиовизуелните медиумски услуги. Во извештајната 2011-та година, работната група одржа неколку состаноци, но преземените активности претставува само почеток на процесот на усогласување на постојното законодавство во Република Македонија со новата европска регулатива за аудио и аудиовизуелните медиумски услуги.

Во текот на ноември 2011-та година, Советот за радиодифузија на РМ ја поддржа иницијативата на Министерството за транспорт и врски на РМ за измени и дополнување на Законот за радиодифузната дејност, согласно кои се предвиде зголемување на висината на радиодифузната такса. Ова, од причина што измените на Законот согласно кои се зголемува радиодиуфзната такса беа во насока на ставот изнесен во Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во 2011-та година, според кој „...потребни се дополнителни напори да се обезбеди одржливо финансирање на Јавниот радиодифузен сервис...“.

Во декември 2011 година, Советот подготви и текст на Предлог за интервентни измени на Законот за радиодифузната дејност, во делот што се однесуваше на работата на операторите на јавни комуникациски мрежи, инспекцискиот надзор и казнените одредби, и го доставеи до тогаш надлежното Министерство за транспорт и врски на Република Македонија. Со изготвениот текст, покрај другото, беше предложено давање на инспекциски овластувања на Советот за радиодифузија во делот што се однесува на почитувањето на авторските и сродните права, а беа предложени и поефикасни законски решенија

во поглед на спречувањето и санкционирањето на реемитувањето на радио и телевизиски програмски сервиси без уредени авторски и сродни права и без нивно регистрирање во програмскиот пакет, со предлог целата постапка на проверка на регулираноста на авторските и сродни права и регистрацијата на програмските пакети да биде во надлежност на Советот за радиодифузија.

### 1.2 Измени и дополнувања на Изборниот законик

Во извештајната 2011 година беше извршена една измена и дополнување на Изборниот законик, објавена во „Службен весник на РМ“ бр.44 од 05.04.2011 година, која се однесуваше на Изборниот законик во целина.

Од аспект на надлежностите на Советот за радиодифузија на РМ во изборниот процес, потребно е да се споменат измените со кои се предвиде дека изборното медиумско претставување е еден од облиците на водење на изборна кампања (член 69-а став 1), а самата изборна кампања започнува 20 дена пред денот на изборите, а во првиот и вториот круг на гласање не смее да трае 24 часа пред денот на изборите и на денот на изборите (член 69-а став 2).

Исто така, значајна е измената (во членот 75) со коа се предвиде обврска за Советот за радиодифузија, по претходно прибавено мислење од Државната изборна комисија, да донесе два правилника, едниот за однесувањето на радиодифузерите пред почетокот на кампањата – Правилник за однесувањето на радиодифузерите во периодот пред започнување на изборната кампања, а другиот за рамноправен пристап во медиумското претставување во време на кампањата и за однесувањето на радиодифузерите во време на молкот - Правилник за рамноправен пристап во медиумското претставување во време на изборната кампања.

Со наведените измени и дополнувања на Изборниот законик (член 75-а), се предвиде дека во време на изборна кампања радиодифузерите кои ги покриваат изборите можат да емитуваат 15 минути дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма, исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, од кои за еден учесник во изборната кампања можат да одвојат најмногу 10 минути. Исто така, се воведе и обврската во периодот од утврдување на ценовниците до започнување на изборната кампања медимите најмалку двапати јавно да ги објават ценовниците на своите програми, дека ценовниците не смеат да се менуваат во текот на изборната кампања и се утврди обврската за нивно доставување до Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и Советот за радиодифузија на РМ. Се пропиша дека платеното политичко рекламирање (ППР) мора да биде соодветно и видливо означено како „платено политичко рекламирање“ и јасно одвоено од другите содржини на медиумите; во сите облици на платеното политичко рекламирање нарачателот на рекламирањето мора да биде јасно означен при што не е дозволено учество на малолетници во ППР; радиодифузерите не смеат да емитуваат платено политичко рекламирање во вести, посебни информативни програми, образовни и програми за деца и во преноси од верски, спортски, културни, забавни и други настани, и дека јавниот радиодифузен сервис не смее да емитува ППР во време на изборната кампања и е должен да емитува бесплатно политичко претставување на учесниците во изборниот процес во согласност со Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување во време на изборна

кампања. Исто така, се изменија и одредбите кои се однесуваат на испитувањето на јавното мислење, согласно кои резултатите од испитувањата на јавното мислење поврзани со учесниците во изборниот процес се објавуваат најдоцна пет дена пред денот определен за одржување на изборите, како и дека при објавувањето на резултатите од испитувањата на јавното мислење поврзани со учесниците во изборниот процес, медиумите се должни да наведат податоци за името на нарачателот кој го побарал и го платил испитувањето, институцијата што го извршила испитувањето, применетата методологија, големината и структурата на испитаниот примерок и периодот во кој е спроведено испитувањето.

Со наведените измени на Изборниот законик, за прв пат се воведе и обврска за Советот за радиодифузија на РМ, пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за повреда на одредбите од Изборниот законик, да спроведе постапка за порамнување согласно Законот за прекршоците.

### 1.3 Подзаконски и други акти донесени од страна на Советот

Во текот на 2011-та година две измени претрпе Деловникот за работа на Советот за радиодифузија на РМ, бр.02-1643/4 од 19.06.2006-та година.

Имено, согласно измените и дополнувањата на Законот за радиодифузната дејност во јули 2011-та година, објавени во „Службен весник на РМ", бр.97/2011, согласно кои бројот на членовите на Советот за радиодифузија на РМ беше зголемен од девет члена на петнаесет члена, се измени и Деловникот за работа на Советот – измени и дополнувања, бр.01-3320/1 од 14.09.2011-та година, така што членот 9 од Деловникот кој се однесува на составот на Советот, кворумот потребен за работа и за донесување на одлуки на Советот, се усогласи со измените на Законот за радиодифузната дејност („Службен весник на РМ", бр.97/2011) односно согласно зголемениот број на членови на Советот.

Деловникот за работа на Советот за радиодифузија на РМ претрпе измени и дополнувања и во месец ноември 2011-та година, кои измени и дополнувања се однесуваа на јавноста (следењето) на седниците, така што се утврди дека седниците на Советот можат да ги следат сите заинтересирани лица, како и дека медумско–новинарските екипи смеат да ги следат и да вршат тонско, видео и фотографско снимање на сите седници на Советот заради медиумско покривање, освен во случаи кога се изнесуваат информаци од доверлив карактер.

Во текот на извештајната година, беше изменет Табеларниот преглед на работните места во Стручната служба на Советот за радиодифузија на РМ, бр.02-689/24 од 18.05.2011, кој е составен дел – Прилог бр.1 на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места и задачите на Стручната служба на Советот за радиодифузија на РМ (Пречистен текст), бр.02-4115/1 од 11.12.2009.

Имено, Советот на својата 19-та седница одржана на 28.11.2011 година, донесе Одлука, бр.02-4574/1 од 22.12.2011, согласно која се изврши измена на бројот на извршители предвидени за работните места: „Референт – деловен секретар" и „Референт за архивско и канцелариско работење" во Секретаријатот на Советот, така што и кај двете работни места, бројот на извршители од 1 (еден) се зголеми на 2 (двајца) извршители за наведените работни места.

Во врска со наведените измени, беше подготвен и Пречистен текст на Табеларниот преглед на работните места во Стручната служба на Советот за радиодифузија на РМ, бр.03-193/1 од 23.01.2012 година - Прилог бр.1 – на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места и задачите на Стручната служба на Советот за радиодифузија на РМ (Пречистен текст), бр.02-4115/1 од 11.12.2009 година.

Во јуни 2011 година, по претходна согласност од Дирекцијата за заштита на личните податоци, Советот донесе План за создавање систем на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Советот за радиодифузија на РМ, бр. 01-2352/1 од 13.06.2011 година. Оваа обврска произлезе од член 52 од Законот за заштита на личните податоци („Сл.весник на РМ“, 7/05, 103/08, 124/10 и 135/11) со кој се утврдува дека правните лица кои вршат обработка на лични податоци треба да го усогласат своето работење со одредбите од Законот за заштита на личните податоци. Со Планот се предвиде воспоставување на соодветен систем за технички и организациски мерки што Советот, во својство на контролор, ги применува за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци и за оценка на нивната адекватност со видот и обемот на работните процеси што ги врши Советот.

Во Планот се утврдија следните механизми кои го сочинуваат Системот за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Советот:

- донесување Правилник за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;
- донесување Правилник за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица; донесување на Правилник за пријавување, реакција и санирање на инциденти;
- донесување Правилник за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци;
- донесување Правилник за начинот на уништување на документите, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите, и
- донесување Упатство за начинот на водење евиденција за лица овластени за вршење обработка на личните податоци и за пренесување на медиуми надвор од работните простории на Дирекцијата.

Кон крајот на 2011-та година, Советот за радиодифзија на РМ подготви Правилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на личните податоци во Советот, за кој доби согласност од страна на Дирекцијата за заштита на личните податоци.

Согласно утврдената динамика, во текот на 2012-та година Советот треба да пристапи кон донесување и на останатите подзаконски акти од обласата на заштита на личните податоци кои се предвидени согласно Планот за создавање систем на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Советот за радиодифузија на РМ.

Во текот на извештајната година, Советот донесе Правилник за основните технички услови, стандарди и параметри за студискиот дел на радиодифузерите,

кој го регулира начинот на квалитетно создавање на аудиовизуелни содржини во студијата, односно минималните побарувања што едно студио треба да ги исполни за создавање на квалитетен сигнал.

Беше донесен и Правилник за техничките услови при задолжителното снимање, чување и доставување на емитуваната програма, кој се однесуваше на обврската на радиодифузерите за чување на материјалите што тие ги емитуваат. Новина беше обврската дека снимениот материјал треба да се обезбеди од РФ антена за да нема манипулации со сигналот. Беше донесен и Правилник за условите, начинот и постапката за издавање копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузерите на државно ниво во Република Македонија и радиодифузерите од регионот Скопје (Градот Скопје и неговата околина) со кој беше регулиран начинот на издавање на копија од снимка која се наоѓа во системот за снимање и чување на видео и аудио што го поседува Советот за радиодифузија.

# 2. ДОЗВОЛИ ЗА ВРШЕЊЕ РАДИОДИФУЗНА ДЕЈНОСТ

## 2.1 Доделување нови дозволи за вршење радиодифузна дејност

Согласно Стратегијата за развој на радиодифузната дејност за периодот 2007–2012 година и Активноста бр. 15 од Акциониот план за нејзината имплементација, во 3 (три) конкурсни постапки Советот додели 4 (четири) дозволи за вршење радиодифузна дејност со опфат на покривање на локално ниво.

Во однос на техничките средства за пренос на програмата, 1 (една) дозвола беше доделена за пренос преку јавна комуникациска мрежа – кабел, и 3 (три) за пренос преку терестријален предавател.

Од доделените 4 (четири) дозволи, 3 (три) беа доделени на трговски радиодифузни друштва и 1 (една) беше доделена во согласност со член 173, став 4 од Законот за радиодифузната дејност, по спроведена постапка на организациона и сопственичка трансформација на поранешните јавни претпријатија кои вршеа радиодифузна дејност – радио на локално ниво.

Дозволите беа доделени на следните субјекти:

- 1 (една) дозвола за вршење радиодифузна дејност за емитување на телевизиски програмски сервис од претежно забавен општ формат, на локално ниво, преку јавна комуникациска мрежа – кабел, за Гостивар, на албански јазик, на Фатмир Лимани од Кичево (Одлука бр. 07-174 од 20.06.2011 година; „Службен весник на РМ“, бр.84/2011);
- 2 (две) дозволи за вршење радиодифузна дејност за емитување на радио програмски сервиси на локално ниво, преку терестријален предавател (Одлука бр. 07-173 од 20.06.2011 година; „Службен весник на РМ“, бр.84/2011), од кои по една дозвола за: Неготино, за емитување и пренос на радио програмски сервис на локално ниво, говорно радио со претежно забавен општ формат, на македонски јазик, на Зоран Илиевски од Кавадарци, и 1 (една) дозвола, за Струга, за емитување и пренос на радио програмски сервис на локално ниво, музичко-говорно радио од општ формат, на албански јазик, на Афердите Кадриу од Охрид, и

- 1 (една) дозвола за вршење радиодифузна дејност за емитување радио програмски сервис на локално ниво, врз основа на член 173, став 4 од Законот за радиодифузната дејност, согласно Одлуката на Советот за спроведување постапка на организациона и сопственичка трансформација на постојното јавно претпријатие кое врши радиодифузна дејност – радио на локално ниво „Работна организација Радио Телевизија Кавадарци“ бр.02-1300/12 од 29.05.2006 година, а по успешно спроведена постапка на организациона и сопственичка трансформација со Одлука за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност (радио) на локално ниво бр.07-156 од 19.05.2011 година „Службен весник на РМ”, бр.69/2011; дозволата за вршење радиодифузна дејност, на подрачјето - Кавадарци со најблиската околина, за емитување и пренос на радио програмски сервис на локално ниво, музичко радио од општ формат, на македонски јазик, се додели на Трговското радиодифузно друштво РАДИО КАВАДАРЦИ ДОО Кавадарци.

Во Табелата бр.1 е даден приказ на доделените дозволи за вршење радиодифузна дејност во 2011 година.

**Табела бр.1: Доделени дозволи за вршење радиодифузна дејност во 2011 година**

| Ниво на опфат | Телевизиски станици | Радиостаници |
|---|---|---|
| Државно ниво | – | – |
| Регионално ниво | – | – |
| Локално ниво – комерцијални | 1* | 3** |
| Вкупно | 1 | 3 |
| Вкупен број на доделени дозволи | 4 | |

* Телевизија преку кабел
** Една дозвола е издадена на локалната јавна радиостаница во Кавадарци, која во извештајната година го заврши процесот на трансформација

## 2.2 Одземање дозволи за вршење радиодифузна дејност

По доставеното известување од Агенцијата за електронски комуникации до Советот, дека со Решение му е отповикано одобрението за користење на радиофреквенции на ТРД „АЛФА“ ДООЕЛ, Радовиш, а врз основа на член 63, став 1, алинеја 3 од Законот за радиодифузната дејност кој пропишува дека Советот ја одзема дозволата ако по нејзиното издавање настанат околности што претставуваат законски пречки имателот да врши радиодифузна дејност, Советот донесе Одлука бр.07-63 од 11.03.2011 година („Службен весник на РМ“, бр.31/2011) за одземање на дозвола за вршење радиодифузна дејност бр.07-

2003/1 од 18.06.2007 година на Трговското радиодифузно друштво „АЛФА“ ДООЕЛ, Радовиш (радио).

### 2.3 Престанок на важност на дозволи за вршење радиодифузна дејност

Во 2011 година Советот донесе решенија за престанување на важноста на 2 (две) дозволи за вршење радиодифузна дејност, согласно член 62 став 1 алинеја 2 од Законот за радиодифузната дејност, односно врз основа на писмена изјава на имателот на дозволата, со која се известува Советот дека радиодифузерот престанува со емитување на радио или телевизиска програма. Такви решенија беа донесе за:

- дозволата за вршење радиодифузна дејност (бр.07-2035/1 од 18.06.2007 година) на Трговското радиодифузно друштво „РТВ МИКС“ Јулија ДООЕЛ, Неготино, (радио) Решение бр.07-50 од 11.03.2011 година „Службен весник на РМ“ бр. 31/2011, и
- дозволата (бр.07-110 од 18.05.2010 година), за вршење радиодифузна дејност - сателитско емитување на телевизиски програмски сервис од општ формат, на албански јазик, со опфат на гледаност на целото подрачје на Република Македонија, на Друштвото за телекомуникации и радиодифузија Алб ТВ 2010 ДООЕЛ Скопје, со Решение бр.07-348 од 30.11.2011 година „Службен весник на РМ“ бр. 166/2011.

### 2.4 Поведени стечајни постапки односно претходни постапки за испитување на условите за отворање стечајна постапка над радиодифузерите

Во текот на 2011-та година, со Решение V Ст.бр.489/11 од 18.07.2011 година на Основниот Суд Скопје II Скопје беше поведена претходна постапка за испитување на условите за отворање стечајна постапка над ТРД „А1 Телевизија“ ДООЕЛ Скопје. На 26.07.2011 година Основниот Суд Скопје II Скопје донесе Решение V Ст.бр.489/11, со кое се отвори стечајна постапка над радиодифузерот, ТРД „А1 Телевизија“ ДООЕЛ Скопје. Врз основа на Решение за престанок на важност на одобренијата за користење на радиофреквенции во радиодифузна дејност донесено од Агенцијата за електронски комуникации од 29.07.2011 година, ТРД А1 престана со емитување на телевизискиот програмски сервис на 30.07.2011 година. До крајот на извештајната година, стечајната постапка над ТРД „А1 Телевизија“ ДООЕЛ Скопје, беше во тек. Исто така, со Решение III.Ст.бр.556/11 од 24.08.2011 година, Основниот Суд Скопје II Скопје, беше поведена претходна постапка за испитување на условите за отворање стечајна постапка над ТРД „А2 Телевизија“ ДООЕЛ Скопје.

### 2.5 Вкупен број на радиодифузери кои поседуваат дозвола за вршење радиодифузна дејност

Сумирајќи ги доделените нови дозволи за вршење радиодифузна дејност, одземените дозволи и дозволите на кои им престана важноста, може да се констатира дека во 2011 година радиодифузниот пејзаж во Република

Македонија го сочинуваа 157 радиодифузери кои поседуваат дозвола за вршење радиодифузна дејност. Во извештајната година, дел од нив сè уште не почнаа со вршење радиодифузна дејност. Во табела бр.2 се прикажани податоците за вкупниот број радиодифузери (состојба заклучно со 31.12.2011 година), по видот на програмскиот сервис што го емитуваа (радио/телевизија), техничките средства преку кои ја емитуваа/пренесуваа програмата (терестријално/сателит), нивото на опфат на емитување (државно/регионално/локално) и видот на радиодифузерот (трговско радиодифузно друштво/непрофитна радиодифузна установа).

**Табела бр.2 : Вкупен број на радиодифузери кои поседуваат дозвола за вршење радиодифузна дејност**

| Ниво на опфат | ТВ станици | РА станици | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Државно ниво | 5* | 3 | 8 |
| Државно ниво преку сателит | 12 | 0 | 12 |
| Регионално ниво | 10 | 16 | 26 |
| Локално ниво | 49 | 59 | 108 |
| Локално ниво – непрофитни | 0 | 3 | 3 |
| **Вкупно** | 76 | 81 | 157 |

* ТРД А1 престана со емитување на телевизискиот програмски сервис на 30.07.2011 година

# 3. НАДЗОР ВРЗ РАБОТЕЊЕТО НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

## 3.1 Мониторинг на програмските обврски на радиодифузерите

Во текот на 2011 година беа спроведени бројни активности поврзани со програмските аспекти од работењето на радиодифузерите. Дел од нив беа планирани со Програмата за работа на Советот и тие подразбираа редовни мониторинзи на остварувањето на програмските обврски на сателитските и терестријалните (национални, регионални и локални) радија и телевизии, анализи на Јавниот радиодифузен сервис, мониторинзи спроведени врз основа на поплаки од граѓаните, активности произлезени од одлуките на Советот итн. Освен планираните, беа реализирани и низа дополнителни активности, а спроведувањето на мониторингот на Предвремените парламентарни избори во 2011 година, целосно ги помести работите планирани за второто тромесечје, во вториот дел од годината.

### 3.1.1 Јавен радиодифузен сервис

***Анализа на неделната телевизиска програма на МРТ***

Еден јавен радиодифузен сервис има четири клучни карактеристики (принципи): универзалност, разновидност, независност и посебност, односно квалитет на програмите. За да се утврди до кој степен телевизиските програмски сервиси на Македонската радио-телевизија ги почитуваат овие принципи, беше спроведен мониторинг на МТВ1, МТВ2 и на Собранискиот канал во периодот од 3 до 9 октомври 2011 година. Наодите од квантитативната и квалитативната анализа покажуваат дека постои настојување Македонската телевизија да се придвижи во правец кој би значел функционирање како вистински јавен сервис, но оти промените треба да се случуваат на сите сервиси. На таков начин би се добил сервис кој во целина, а и по одделни телевизиски сегменти, ќе стане јавен форум преку кој се води слободна дебата на сопоставени или спротивставени идеи и ставови.

***Политички плурализам во телевизиските вести на МРТ***

Независноста е една од четирите карактеристики што треба да ги поседува еден јавен радиодифузен сервис за да ја исполнува мисијата која му обезбедува посебно место во радиодифузијата и во општеството. Важен аспект од независноста е политичкиот плурализам сфатен како застапеност на претставници на институционализираната власт во државата и на политичките партии. Особено податливи за анализа на нивото на политички плурализам се вестите, па затоа беше спроведена квантитативна и квалитативна анализа на изданијата на централниот Дневник на МТВ 1 во 19:30 часот, Вестите на албански јазик на МТВ 2 во 18:30 часот и Вестите на турски јазик на МТВ 2 во 17:30 часот, емитувани во периодот од 3 до 9 октомври. Резултатите покажаа дека најмногу простор во централните информативни изданија им беше отстапен на претставниците на извршната власт.

***Анализа на неделната радиопрограма на МРТ***

Програмските сервиси на Македонското радио, исто така беа анализирани од аспект на придржување до принципите на универзалност, разновидност, независност и посебност (квалитет) на програмите. Анализиран беше периодот од 3 до 9 октомври, а добиените резултати се дел од мозаикот кој покажува како и колку МРТ ја остварува функцијата на јавен радиодифузен сервис.

***Еднодневна анализа на сите радио и телевизиски програмски сервиси на МРТ***

Македонската радиотелевизија беше анализирана и преку еднодневен мониторинг, чија цел беше да се утврди почитувањето на законските обврски. Анализите на МТВ1, МТВ2, Радио Скопје и Радио 2 беа спроведени во јануари и притоа кај првиот телевизиски програмски сервис не беа утврдени прекршувања, кај телевизиската програма на јазиците на етничките заедници имаше по едно прекршување во поглед на заштитата на малолетниците и означувањето на

рекламите. Позначајни се прекршувањата на МР1 и МР2 кои ја немаа исполнето обврската да емитуваат најмалку 45 % вокално-инструментална музика на македонски јазик.

### 3.1.2 Комерцијален сектор

***Терестријални комерцијални ТВ станици на државно ниво***

Во текот на март, јули и ноември беа направени анализи на еднодневната програма емитувана од комерцијалните земски телевизии на национално ниво – А1 (во првите две анализи), Алсат М, Канал 5, Сител и Телма. Кај повеќето од нив, резултатите покажуваат дека тие сѐ уште не успеваат соодветно да ги применат одредбите за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој. Понекогаш програмите не се соодветно категоризирани, понекогаш категоризацијата е точна, но знаците за акустично и визуелно предупредување не се користат соодветно, а неретко се греши и во поглед на периодот на емитувањето на програмите. Во делот на почитувањето на правилата за рекламирање и спонзорство, најчести повреди на Законот се: емитување прикриено рекламирање, надминување на рекламниот лимит од 12 минути на реален час и несоодветно означување на спонзорот или поттикнување за користење на неговите производи или услуги. Во неколку случаи не е почитувана и обврската за емитување најмалку 30 % програма изворно создадена на македонски јазик, односно на албански јазик.

***Терестријални комерцијални радио станици на државно ниво***

По еден ден од програмата на трите радиостаници кои имаат дозвола да зрачат програма на национално ниво – Антена 5, Канал 77 и Метрополис – беше анализиран во февруари, во јули и во декември. Кај радијата се констатирани три типа на прекршувања. Пред сѐ, тие не ја почитуваат обврската дневно да емитуваат 30 % вокално–инструментална музика на македонски јазик. Покрај тоа, радиостаниците ги пренебрегнуваат правилата за рекламирање и кај сите се забележува дека рекламите не ги издвојуваат од другата програма и вршат прикриено рекламирање, а некои го надминуваат и дозволениот лимит за рекламирање. Освен ова, при означувањето на спонзорите на своите емисии, тие не водат сметка за правилата според кои треба да го направат тоа.

***Сателитски ТВ станици***

Програмите на телевизиите кои имаат дозвола да зрачат преку сателит беа анализирани двапати – по еден ден во јануари и во јуни. Станува збор за телевизиите 24 Вести, А2, АБ Канал, Алб, Алфа, Канал 5+, Наша, Пинк 15- (во вториот мониторинг), Сител 3, Скајнет+, Сонце, Џангл, кај кои како типично прекршување се забележува занемарување на аспекти од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој. Покрај ова, има непочитување на законските правила за рекламирање и телешопинг (лимити, неиздвојување на

рекламите), а некои од нив не ги почитуваат одредбите за заштита на културниот идентитет (т.е. обврските за задолжителен процент програма изворно создадена на македонски јазик и за вокално-инструментална музика на македонски јазик).

***Регионални ТВ станици***

Во групата регионални телевизиски станици влегуваат оние кои емитуваат програма на територијата на Скопје, односно Амазон, БТР, ЕДО, ЕРА, КРТ, МТМ, Скајнет и Шутел. Аналитичкиот увид во нивната 24-часовна програмска понуда, направен во март, констатираше прекршувања кај некои од нив, со тоа што најчести се пренебрегнувањата на правилата за категоризација и означување на содржините од аспект на заштита на малолетниците и на одредбите за рекламирање.

***Локални ТВ станици***

Анализите на содржините што во текот на едно деноноќие ги емитуваат локалните телевизиски станици беа спроведени во периодот од август до декември. Беа опфатени: Орбис и Тера од Битола, ВТВ од Валандово, Здравкин од Велес, Нова од Гевгелија, Дуе и Чеграни Медиа од Гостивар, Д1 од Делчево, КТВ и Тиквешија од Кавадарци, Ускана и Боем од Кичево, Канал 8 и ТВ Кочани од Кочани, Далга КРТ, Нова, Феста и Хана од Куманово, Спектра од Лабуништа, Морис и ТВМ од Охрид, Вижн од Прилеп, Протел од Пробиштип, Свет од Свети Николе, Интел и Канал Вис од Струмица, Арт, Кисс, Коха, Менада и Супер Скај од Тетово, Жупа од Центар Жупа, Ирис и Стар од Штип. Најчесто прекршувани се одредбите од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој. Честопати има и надминување на 12-минутното ограничување за емитување реклами на реален час програма, понекогаш неиздвојување на рекламите, поретко се случува да се емитуваат реклами во емисии во кои тоа не е дозволено, а неколку медиуми не почитуваат дел од правилата за спонзорство. Некои од локалните ТВ станици не ги исполнуваат обврските за емитување 30 % програма изворно произведена на македонски, односно на албански јазик.

### 3.1.3 Ад хок мониторинзи на барање на Советот

Дел од анализите произлегуваат од тековното работење на Советот. Во 2011 вакви анализи беа направени врз: програми емитувани на А1 Телевизија од аспект на почитување на член 69 од Законот за радиодифузната дејност (28 и 29 јануари); програми на ТВ АЛБ од аспект на почитување на авторските права (15, 16 и 17 февруари); реалното шоу „Големиот Брат“, емитувано на ТВ Сител (од 14 до 21 март) од аспект на преведување на програмата; реалното шоу „Прељубници“ на Канал 5 (од 8 до 26 август) од аспект на повеќе законски одредби, но пред сè од аспект на заштита на малолетниците; репризите на епизодите од серијалот „Долина на волците“ на ТВ Сител (од 10 до 24 ноември) исто така од аспект на заштита на малолетната публика. Беа реализирани и анализи на форматите на ТВ АЛБ (од 25 до 31 јули) и на ТВ 24 Вести (од 5 до 11 септември) и мониторинг на програмскиот сервис ТВ А2 (од 1 септември до 3 октомври) поради емитување без идентификациски знак. Неколкупати цел на

мониторингот беше да се утврди дали радиодифузерите ги извршиле мерките, веќе изречени од страна на Советот.

### 3.1.4 Мониторинзи по претставки

Претставките пристигнати од граѓани или организации, кои се однесуваат на прашања во надлежност на Советот за радиодифузија, беа мотив за повеќе мониторинзи. Претставка од Коалицијата Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници (во врска со откривање на идентитет на наркозависник и поддржување стереотипи) беше основа за анализа на прилозите кои го третираа прашањето на зависноста од наркотици, а беа емитувани во вестите на ТВ Канал 5 на 22 и 27 септември. Допис од Топлификација АД – Скопје, со барање за остварување на правото на одговор и исправка, поттикна мониторинг на прилози од вестите на ТВ Сител емитувани на 13, 15, 18, 21 и 26 ноември. Вестите на ТВ Сител, од аспект на правото на одговор и исправка беа мониторирани и на 4 и 5 јули, врз основа на писмо од специјалниот известувач за ситуацијата на бранителите на човековите права на Обединетите нации, а во врска со организацијата за човекови права Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија. По претставка од граѓани, предмет на мониторинг беа и: изданието на емисијата „Миленко Неделковски шоу“, емитувана на програмата на ТВ Канал 5 на 18 ноември (од аспект на почитување на основните човекови права и слободи), како и непрофитното радио УГД и Радио Енџелс, обете од Штип, (од аспект на почитување од условите од дозволата за вршење радиодифузна дејност). Поради поплаки во врска со професионалноста во информирањето беа анализирани и емисијата „Таргет“ на БТР (24 февруари) и вестите на Шутел (11 март).

### 3.1.5 Мониторинг на медиумското известување за Предвремените парламентарни избори 2011 година

Советот беше законски обврзан, за Предвремените парламентарни избори во 2011 година, да врши мониторинг не само на текот на изборната кампања, ами и на медиумското известување во периодот пред таа да започне. За да може овие обврски да се завршат успешно, се реализираа обуки за радиодифузерите; беше обучена мрежата надворешни соработници, беа подготвени материјалите со чија помош тие учествуваа во вршењето на мониторингот; податоците се внесуваа во софтверот, се вршеше нивна логичка контрола и анализа; се констатираа прекршувања направени од радиодифузерите и, врз основа на извештаи за нив, Советот одлучуваше за преземање мерки; имаше континуирана интензивна комуникација со радиодифузерите, надворешните соработници и граѓаните во врска со прашања поврзани со кампањата. Регулаторот, исто така, изготви извештаи за однесувањето на медиумите пред почетокот на кампањата, во текот на првите десет дена од кампањата и по нејзиното завршување (кои беа презентирани на прес-конференции), како и финален сеопфатен Извештај од мониторингот на медиумското покривање на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2011 година, кој беше објавен како посебна публикација.

Мониторингот на периодот пред кампањата започна со денот на распишување на изборите, со тоа што прекршоци почнаа да се констатираат од 28 април, односно од датумот кога влезе во сила Правилникот за однесувањето на радиодифузерите во периодот пред започнување на изборната кампања. Прекршувањата што беа констатирани се однесуваа на: емитување реклами на државни органи или платено политичко рекламирање, непочитување на правилата за објавување резултати од испитување на јавно мислење, недоставување ценовници за платено политичко рекламирање во законски предвидениот рок. Зависно од тежината, за некои прекршувања беа упатени укажувања, а за некои беа поведени прекршочни постапки.

Што се однесува до медиумското известување во текот на изборната кампања, една од клучните констатации беше дека најгледаните медиуми се ставија себеси во функција на застапување одредена позиција при што во текот на кампањата растеше нивната меѓусебна нетрпеливост. Медиумското покривање на кампањите на политичките опции се одликуваше со негативен или позитивен тон и врамување. Партиите, исто така, ги препознаваа медиумите како свои или како противнички. Специфика на изборната кампања, која се одрази врз нејзиното медиумско покривање, беше истовременото настапување на носителите на функции како функционери и како кандидати, а во некои од настаните што претставуваат активност на власта во функција на изборна кампања учествуваа и кандидати за пратеници, директори на јавни претпријатија и на болници, ректор на универзитет и слично.

Поради прекршоци направени во текот на изборната кампања, Советот одлучи да покрене дванаесет прекршочни постапки и тоа: за непочитување на правилата за емитување платено политичко рекламирање, за објавување резултати од истражување на јавното мислење и за емитување рекламни спотови финансирани од јавни пари. Девет медиуми добија прекршочни постапки поради неизбалансирано медиумско претставување, а четири медиуми поради прекршување на изборниот молк. Сите медиуми добија можност пред покренувањето на прекршочна постапка да извршат порамнување, согласно со Изборниот законик.

Целиот мониторинг во време на Предвремените парламентарни избори 2011 година, Советот за радиодифузија го реализираше со сопствени средства од буџетот на Советот.

## 3.2 Укажувања, изречени мерки и поведени прекршочни постапки кон радиодифузерите врз основа на редовните мониторинзи од страна на Советот за радиодифузија на РМ согласно Законот за радиодифузната дејност

### 3.2.1 Укажувања[1]

Во текот на 2011-та година, Советот за радиодифузија на РМ, упати 141 (сто четириесет и едно) укажување до радиодифузерите, од кои:

- за необјавени податоци што се однесуваат на работењето на радиодифузерите во претходната година (член 20 ставови 1 и 2 од ЗРД) беа упатени шест укажувања;
- за недоставување податоци и документи поврзани со економско-финансиското работење на радиодифузерот (член 20 ставови 3 и 4 од ЗРД), беа упатени десет укажувања;
- за непочитување на програмските принципи – поттикнување на духот на толеранција, заемно почитување и разбирање меѓу индивидуите од различно етничко и културно потекло (член 68 став 2 точка 4 од ЗРД) упатено е едно укажување;
- за емитување содржини што можат сериозно да го загрозат физичкиот, психичкиот и моралниот развој на децата и младите (член 70 став 1 од ЗРД) упатено е едно укажување;
- за необезбедување најмалку 30 % програма изворно создадена на македонски јазик односно на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија (член 74 став 1 од ЗРД) упатени се шест укажувања;
- за необезбедување најмалку 30 % од емитуваната вокално-инструментална музика да биде на македонски јазик односно на јазикот на етничките заедници кои не се во мнозинство во Република Македонија (член 74 став 2 од ЗРД) упатени се седум укажувања;
- за неистакнување на назив/заштитен знак/скратени идентификациони знаци (авизо, лого и сл.) на радиодифузерот (член 81 став 2 од ЗРД) упатено е едно укажување;
- за емитување програма на странски јазици непреведена на македонски јазик (член 83 став 1 од ЗРД) упатени се две укажувања;
- за емитување рекламирање во програмата на непрофитна радиодифузна установа (член 92 став 3 од ЗРД) упатено е едно укажување;
- за надминување на лимитот за рекламирање на еден реален час (член 93 став 3 од ЗРД) упатени се осум укажувања;
- за емитување блокови со рекламни спотови во еден реален час кога е емитуван и телешопинг прозорец (член 94 став 4 од ЗРД) упатено е едно укажување;

[1] Деталните податоци за упатените укажувања се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Укажувања од редовниот мониторинг спроведен од Советот за радиодифузија на РМ во 2011" Прилог бр.1 )

- за несоодветно емитувана програма означена како бесплатното емитување (член 96 став 1 алинеја 2 од ЗРД) упатено е едно укажување и за неозначување на бесплатно објавените реклами (член 96 став 2 од ЗРД) упатено е едно укажување;
- за емитувани реклами неозначени и неиздвоени од другите делови на програмата со оптички или акустички средства (член 97, став 1 од ЗРД) беа упатени дванаесет укажувања;
- за емитување прикриено рекламирање (член 98 став 1 од ЗРД) упатени се единаесет укажувања;
- за изложување производи чие име или марка се видливо истакнати (член 98 став 2 од ЗРД) упатени се две укажувања;
- за вметнување блокови рекламни спотови во теленовела на начин што не е почитуван периодот од најмалку 20 минути кој треба да помине меѓу два рекламни блока (член 99 став 1 алинеја 4 од ЗРД) упатено е едно укажување;
- за емитување реклами во вести (член 100 став 1 од ЗРД) упатени се три укажувања;
- за емитување реклами во детски програми чие времетраење е помало од 30 минути (член 100 став 2 од ЗРД) упатени се три укажувања;
- за поттикнување на продажба, купување на производи или изнајмување на услуги од спонзорот во спонзорирана програма (член 106 став 2 од ЗРД) упатено е едно укажување;
- за спонзорирани реклами од религиозен карактер (член 107 став 1 од ЗРД) упатено е едно укажување;
- за повреда на член 71 став 3 од ЗРД и одредби од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој упатени се:
    - две укажувања за емитување програма означена со несоодветен предупредувачки сигнал (член 71 од ЗРД и член 6 од Правилникот за заштита на малолетната публика);
    - шеснаесет укажувања за емитување програма во несоодветен период (член 71 од ЗРД и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика)
    - дваесет и три укажувања за неозначување на програмите пред почетокот со акустично и визуелно предупредување и неемитување постојано визуелно предупредување во текот на програмата/необележување на промотивните најави за играната програма со визуелен знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува (член 71 од ЗРД и член 12 од Правилникот за заштита на малолетната публика), и
    - шест укажувања за необележување на промотивните најави за играната програма со визуелен знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува (член 71 од ЗРД и член 13 од Правилникот за заштита на малолетната публика);
- за повреда на член 106 од ЗРД/член 3 став 2 од Правилникот за начинот на идентификација на спонзорите во радио и тв програмите упатени се шест укажувања;

- за повреда на одредби од Правилникот за користење телефонски услуги со посебна тарифа во програмите на радио и телевизиските програмски сервиси упатени се:
    - една укажување за неправилно прикажување на вкупната цена на чинење на услугата (член 3 став 1 алинеја 2 од Правилникот), и
    - едно укажување за емитување телевизиски натпревар со ниска продукциска вредност со користење телефонска услуга со посебна тарифа во несоодветен период (член 5 став 1 точка 2 од Правилникот);

На Јавниот радиодифузен сервис – Македонска радиотелевизија односно на Македонско радио 1, му беа упатени четири укажувања, и тоа две укажувања за необезбедување на емитување најмалку 45 % вокално инструментална музика на македонски јазик (член 124, став 3 од ЗРД) и две укажувања за емитување рекламни спотови неиздвоени од другите делови на програмата со акустични средства (член 97 став 1).

### 3.2.2 Мерки[2]

За прекршувањата на Законот за радиодифузната дејност ("Службен весник на РМ", бр.100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 6/2010, 145/2010 и 97/2011) и на подзаконските акти, кои Советот ги констатираше врз основа на спроведените редовни мониторинзи, во текот на 2011-та година беа изречени вкупно 130 (сто и триесет) мерки, од кои:

77 (седумдесет и седум) писмени опомени;
27 (дваесет и седум) писмени опомени со барање за објавување;
11 (единаесет) времени забрани за рекламирање и телешопинг од еден ден;
13 (тринаесет) времени забрани за рекламирање и телешопинг од два дена, и
2 (две) времени забрани за рекламирање и телешопинг од три дена.

Мерките кои Советот ги изрече на трговските радиодифузни друштва (РА/ТВ) се однесуваа на следните прекршувања:

- за необјавени податоци што се однесуваат на работењето на радиодифузерите во претходната година (член 20 ставови 1 и 2 од ЗРД) беа изречени осум мерки – писмени опомени, шест мерки – писмени опомени со барање за објавување; четири мерки – времени забрани за емитување на програмскиот сервис за период од еден ден;
- за недоставување податоци и документи поврзани со економско-финансиско работење на радиодифузерот (член 20 ставови 3 и 4 од ЗРД), беа изречени две мерки – писмени опомени;
- за емитување програма насочена кон поттикнување омраза и нетрпеливост (член 69 од ЗРД) изречена е една мерка – времена забрана за рекламирање и телешопинг од два дена;

[2] Деталните податоци за мерките се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Мерки од редовниот мониторинг спроведен од Советот за радиодифузија на РМ во 2011" (Прилог бр.2 )

- за емитување програма без уредени авторски права (член 77, став 1 од ЗРД) беа изречени две мерки – писмени опомени;
- за необезбедување најмалку 30 % програма изворно создадена на македонски јазик (член 74 став 1 од ЗРД) беа изречени пет мерки – писмени опомени и две мерки – писмени опомени со барање за објавување;
- за необезбедување најмалку 30 % од емитуваната вокално-инструментална музика да биде на македонски јазик (член 74 став 2 од ЗРД) беа изречени осум мерки – писмени опомени и четири мерки – писмени опомени со барање за објавување;
- за емитување програми на странски јазици непреведени на македонски јазик (член 83 став 1 од ЗРД) изречена е една мерка – времена забрана за рекламирање и телешопинг од два дена;
- за повреда на одредбата за вистинито и чесно рекламирање и телешопинг и за незаведување на јавноста, односно корисниците на услугите (член 87 став 2 од ЗРД) изречена е една мерка – времена за забрана за рекламирање и телешопинг од два дена;
- за надминување на лимитот за рекламирање на еден реален час (член 93 став 3 од ЗРД) беа изречени девет мерки – писмени опомени, пет мерки – писмени опомени со барање за објавување и две времени забрани за рекламирање и телешопинг од еден ден;
- за емитување блокови со рекламни спотови во еден реален час кога е емитуван и телешопинг прозорец (член 94 став 4 од ЗРД) изречени се три мерки – писмени опомени, една мерка – времена забрана за рекламирање и телешопинг од еден ден и една времена забрана за рекламирање и телешопинг од два дена;
- за означување на рекламни спотови со ознака „бесплатно емитување" спротивно на Законот (член 96 став 1 алинеја 2 од ЗРД) изречена е една мерка – времена забрана за рекламирање и телешопинг од два дена;
- за емитувани реклами неозначени и неиздвоени од другите делови на програмата со оптички или акустички средства (член 97, став 1 од ЗРД) беа изречени осум мерки – писмени опомени и две мерки – писмени опомени со барање за објавување;
- за емитување прикриено рекламирање (член 98 став 1 од ЗРД) изречени се пет мерки – писмени опомени, две мерки – писмени опомени со барање за објавување и две мерки – времени забрани за рекламирање и телешопинг од два дена;
- за изложување, во програмите на радиодифузерите, производи чие име или марка се видливо истакнати (член 98 став 2 од ЗРД) изречени се една мерка – писмена опомена и една мерка – времена забрана за рекламирање и телешопинг од еден ден;
- за вметнување блокови рекламни спотови во теленовела на начин што не е почитуван периодот од најмалку 20 минути кој треба да помине меѓу два рекламни блока (член 99 став 1 алинеја 4 од ЗРД) изречена е една мерка – писмена опомена;
- за емитување реклами во детски програми чие времетраење е помало од 30 минути (член 100 став 2 од ЗРД) изречена е една мерка – писмена опомена;
- за објавување исправка односно одговор со измени и дополнувања, и емитуван коментар на истата (член 154 став 1 и став 3 од ЗРД) изречени се една

мерка – писмена опомена и една мерка – писмена опомена со барање за објавување;

- за повреда на член 71 од ЗРД и одредби од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој изречени се:
    - четири мерки – писмени опомени, една мерка – писмена опомена со барање за објавување и две времени забрани за рекламирање и телешопинг од два дена за емитување програма во несоодветен период (член 71 од ЗРД и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика)
    - седум мерки – писмени опомени, една мерка – времена забрана за рекламирање и телешопинг од еден ден и една мерка – времена забрана за рекламирање и телешопинг од два дена за неозначување на програмите пред почетокот со акустично и визуелно предупредување и неемитување постојано визуелно предупредување во текот на програмата/необележување на промотивните најави за играната програма со визуелен знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува (член 71 од ЗРД и член 12 од Правилникот за заштита на малолетната публика) и
    - четири мерки – писмени опомени, една мерка – писмена опомена со барање за објавување, две мерки – времени забрани за рекламирање и телешопинг од еден ден и две времени мерки забрани за рекламирање и телешопинг од два дена за необележување на промотивните најави за играната програма со визуелен знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува (член 71 од ЗРД и член 13 од Правилникот за заштита на малолетната публика);
- за повреда на член 106 од ЗРД и на Правилникот за начинот на идентификација на спонзорите во радио и тв програмите изречени се:
    - две мерки – писмени опомени за неозначен спонзор (член 106 став 1 од ЗРД и член 3 ставови 1 и 2 од Правилникот за начинот на идентификација на спонзори) и
    - една мерка – писмена опомена за неозначен спонзор во промотивните најави (член 106 став 1 од ЗРД и член 7 став 2 од Правилникот за начинот на идентификација на спонзори), и
    - една мерка – писмена опомена со барање за објавување за нејасно идентификување на спонзорите, односно нејасно нагласување дека се работи за спонзорирана програма (член 106 став 1 од ЗРД);
- за повреда на одредби од Правилникот за користење телефонски услуги со посебна тарифа во програмите на радио и телевизиските програмски сервиси изречени се:
    - една мерка – писмена опомена за несразмерно прикажување на цената на чинење и телефонскиот број на кој се добива услугата (член 3 став 3 од Правилникот),
    - една мерка – писмена опомена за емитување промотивни најави за програми што содржат телефонски услуги со посебна тарифа во несоодветен период (член 4 став 1 точка 1 од Правилникот), и
    - една мерка – писмена опомена со барање за објавување и една мерка – времена забрана за рекламирање и телешопинг од два дена за

емитување телевизиски натпревар со ниска продукциска вредност со користење телефонска услуга со посебна тарифа во несоодветен период (член 5 став 1 точка 2 од Правилникот).

На Јавниот радиодифузен сервис – Македонска радиотелевизија, Македонско радио 2, Советот му изрече една мерка – писмена опомена со барање за објавување за необезбедување на законски предвидените 45 % вокално-инструментална музика на македонски јазик (член 124 став 3 од ЗРД)

### 3.2.3 Прекршочни постапки[3]

Советот за радиодифузија на Република Македонија, за прекршувањата на Законот за радиодифузната дејност („Службен весник на РМ“, бр.100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 6/2010, 145/2010 и 97/2011) и на подзаконските акти, кои Советот ги констатираше врз основа на спроведените редовни мониторинзи, во текот на 2011-та година Советот одлучи да поднесе:

- 4 (четири) барања за поведување прекршочна постапка, против радиодифузерите кои во повеќе наврати не ја исполниле обврска на определениот термин 31 март 2011 година да ги објават податоците за нивното работење во претходната година, а до Советот не доставиле копија од објавената содржина во дневен весник и снимка од емитуваната содржина на ДВД формат (член 20 став 1 и 2 од Законот за радиодифузната дејност) и
- 1 (едно) барање за поведување прекршочна постапка за тоа што во своите програми дозволиле да се врши прикриено рекламирање на фирми, производи и трговски марки (член 98 став 1 од Законот за радиодифузна дејност).

Согласно одредбите содржани во Законот за прекршоците, Советот е обврзан да спроведе постапка за порамнување. Ниту една од спроведените 5 (пет) постапки за порамнување не заврши успешно, односно радиодифузерите не прифатија да платат половина од износот на најниската глоба утврдена во Законот за радиодифузната дејност.

[3] Деталните податоци за прекршочните постапки се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Прекршочни постапки од редовниот мониторинг спроведен од Советот за радиодифузија на РМ во 2011“ (Прилог бр. 3 )

## 3.3 Укажувања и поведени прекршочни постапки кон радиодифузерите врз основа на спроведениот мониторинг во текот на Предвремените избори за пратеници во Собранието на РМ во 2011 година

### 3.3.1 Укажувања[4]

Советот за радиодифузија на Република Македонија, во текот на Предвремените избори за пратеници во Собранието на РМ во 2011 година, за констатираните прекршувања на Изборниот законик, Правилникот за однесувањето на радиодифузерите во периодот пред започнување на изборната кампања и Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување во време на изборната кампања, заклучи до радиодифузерите да се упатат 26 (дваесет и шест) укажувања, кои се однесуваа на следните прекршувања:

- емитувани се реклами на државни и органи на градот Скопје финансирани од Буџетот на РМ и буџетот на градот Скопје и општините (член 84-а од Изборниот законик) – 3 укажувања,
- издвоени се повеќе од 10 минути за платено политичко рекламирање на реален час за еден организатор на изборна кампања (член 75, став 3 од Изборниот законик и член 22 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување во време на изборната кампања) – 3 укажувања,
- објавени се резултати од испитување на јавно мислење без сите неопходни податоци врз основа на кои јавноста ќе може да ја процени веродостојноста на испитувањето (член 75, став 3 од Изборниот законик и член 30 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување во време на изборната кампања) – 5 укажувања,
- посебни информативни емисии користени се како облик на платено политичко рекламирање (член 75, став 3 од Изборниот законик и член 29 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување во време на изборната кампања) – 8 укажувања,
- неозначено платено политичко рекламирање (член 75, став 3 од Изборниот законик и член 24 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување во време на изборната кампања) – 1 укажување,
- на денот на изборен молк емитуван е музички спот во кој се појавуваат кандидати во изборниот процес (член 75, став 3 од Изборниот законик и член 34, став 2, точка а), алинеја 7 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување во време на изборната кампања) – 3 укажувања,
- на денот на изборен молк објавени се информации и аудио и аудиовизуелни материјали во врска со кандидати во изборниот процес, односно организатори на изборна кампања (член 75, став 3 од Изборниот законик и член 34, став 2, точка а), алинеја 1 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување во време на изборната кампања) – 1 укажување,

[4] Деталните податоци за укажувањата во текот на Предвремените избори за пратеници во Собранието на РМ во 2011 година се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Укажувања од Предвремените избори за пратеници во Собранието на РМ во 2011 година“ (Прилог бр. 4)

- на денот на изборен молк објавени се информации и аудио и аудио-визуелни материјали во врска со претставници на органите на власта чиј медиумски настап е во функција на изборната кампања и може да влијае врз одлуката на гледачите (член 75, став 3 од Изборниот законик и член 34, став 2, точка а), алинеја 2 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување во време на изборната кампања) – 1 укажување и
- на денот на изборен молк емитуван е прилог за инцидент надвор од гласачко место во кој како извор на информацијата се користи овластен набљудувач на опозициската партија (член 75, став 3 од Изборниот законик и член 35 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување во време на изборната кампања) – 1 укажување.

### 3.3.2 Прекршочни постапки[5]

Советот за радиодифузија на Република Македонија, во текот на Предвремените избори за пратеници во Собранието на РМ во 2011-та година, за констатираните прекршувања на Изборниот законик, Правилникот за однесувањето на радиодифузерите во периодот пред започнување на изборната кампања и Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување во време на изборната кампања, заклучи да се поднесат 38 (триесет и осум) барања за поведување прекршочна постапка, и тоа:

- 21 (дваесет и едно) во периодот пред започнувањето и во текот на изборната кампања и во време на изборниот молк, од кои 4 (четири) во периодот пред започнувањето на изборната кампања и 17 (седумнаесет) во текот на изборната кампања и изборниот молк,

- 9 (девет) поради необезбедувањето рамноправен пристап во изборното медиумско претставување на сите учесници во изборниот процес, и

- 8 (осум) поради тоа што радиодифузерите не ја исполниле законската обврска до Советот за радиодифузија на Република Македонија да достават ценовници за платено политичко рекламирање на изборните програми и на кандидатите на учесниците во изборниот процес за Предвремените парламентарни избори во Република Македонија во 2011-та година, а емитувале платено политичко рекламирање во рамките на својот програмски сервис во време на изборите.

Врз основа на одредбите содржани во член 178-а од Изборниот законик, а во согласност со одредбите од Законот за прекршоците, Советот беше обврзан пред поднесувањето на барање за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд, да спроведе постапка за порамнување.

**3.3.2а.** Повредите на одредбите на Правилникот за однесувањето на радиодифузерите во периодот пред започнување на изборната кампања бр.01-1596/1 од 21.04.2011 година, се однесуваа на следните прекршувања:

- емитување платено политичко рекламирање во период пред започнување на изборна кампања (член 75, став 2 од Изборниот законик и член 15, став 1 од

[5] Деталните податоци за прекршочните постапки во текот на Предвремените избори за пратеници во Собранието на РМ во 2011 година се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Прекршочни постапки од Предвремените избори за пратеници во Собранието на РМ во 2011 година“ (Прилог бр. 5)

Правилникот за однесувањето на радиодифузерите во периодот пред започнувањето на изборната кампања);

- објавување резултати од испитување на јавното мислење, без радиодифузерот да обезбеди доволно информации врз основа на кои јавноста ќе може да ја процени веродостојноста на испитувањето (член 75, став 2 од Изборниот законик и член 13 од Правилникот за однесувањето на радиодифузерите во периодот пред започнувањето на изборната кампања) и

- во вестите се објавуваат резултати од ненаучни и нерепрезентативни испитувања на јавното мислење, како што се гласање на гледачи или на слушатели преку телефон – телевоутинг, анкети спроведени на Интернет и слично (член 75, став 2 од Изборниот законик и член 13 став 2 од Правилникот за однесувањето на радиодифузерите во периодот пред започнувањето на изборната кампања).

**3.3.2б.** Повредите на одредбите на Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување во време на изборната кампања бр.01-1597/1 од 21.04.2011 година, се однесуваа на следните прекршувања:

- издвоени се повеќе од 10 минути во реален час за платено политичко рекламирање на еден организатор на изборна кампања (член 75, став 3 од Изборниот законик и член 22 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување во време на изборната кампања);

- непочитување на рокот за објавување на резултати од испитување на јавното мислење, најдоцна пет дена пред денот определен за одржување на изборите (член 75, став 3 од Изборниот законик и член 31, став 1 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување во време на изборната кампања);

- неозначено платено политичко рекламирање (член 75, став 3 од Изборниот законик и член 24 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување во време на изборната кампања);

- објавување платена политичка програма во посебни информативни емисии (член 75, став 3 од Изборниот законик и член 27 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување во време на изборната кампања).

- емитување рекламни спотови финансирани од Буџетот на Република Македонија (член 75, став 3 од Изборниот законик и член 7 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување во време на изборната кампања).

- објавување платена политичка програма во посебни информативни емисии (член 75, став 3 од Изборниот законик и член 27 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување во време на изборната кампања);

- на денот на изборен молк емитувани се аудиовизуелни материјали во врска со кандидат во изборниот процес, односно организатор на изборна кампања и на денот на изборен молк емитувано е прикриено медиумско известување во функција на изборната кампања што може да влијае врз одлуката на граѓаните (продолжен прекршок), поради повреда на (член 75, став 3 од Изборниот законик и член 34, став 2, точка а), алинеи 1 и 3 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување во време на изборната кампања);

- на денот на изборен молк емитувано е известување кое е во функција на изборната кампања што може да влијае врз одлуката на граѓаните (член 75, став

3 од Изборниот законик и член 34, став 2, точка а), алинеја 3 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување во време на изборната кампања);

- на денот на изборен молк емитувани се информации и аудио и аудиовизуелни материјали во врска со кандидат во изборниот процес, односно со организатор на изборна кампања, и на денот на изборен молк емитувани се програми неповрзани со изборите во кои учествуваат претставници на органите на власт (член 75, став 3 од Изборниот законик и член 34, став 2, точка а), алинеи 1 и 7 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување во време на изборната кампања);

- необезбедување на рамноправен пристап во изборното медиумско претставување во време на изборната кампања на сите учесници во изборниот процес_односно не овозможиле избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување (член 75 став 5 од Изборниот законик и член 6 став 1 точка 3 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување во време на изборната кампања бр.01-1597/1 од 21.04.2011 година);

- неисполнување на законската должност до Советот за радиодифузија на Република Македонија да бидат доставени ценовниците за платено политичко рекламирање на изборните програми и на кандидатите на учесниците во изборниот процес за Предвремените парламентарни избори во Република Македонија во 2011-та година, а радиодифузерите емитувале платено политичко рекламирање во рамките на својот програмски сервис (член 75-а став 5 од Изборниот законик).

# 4. НАДЗОР ВРЗ РАБОТЕЊЕТО НА ЈАВНИТЕ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ

## 4.1 Регистрација на програмските пакети

Советот за радиодифузија и во 2011 година продолжи со примената на член 109 од Законот за радиодифузната дејност („Службен весник на РМ" бр. 100/2005, 19/2007,103/2008, 152/2008, 145/2010 и 97/2011), во услови на функционирање на сите современи платформи за реемитување на радио и телевизиски програмски сервиси и други аудио и аудиовизуелни медиумски сервиси. На крајот на 2011 година, во Република Македонија работеа 65 оператори на јавни комуникациски мрежи, од кои 61 кабелски оператор (несметајќи ги тука нивните подружници), еден ИПТВ оператор, еден оператор на дигитални мултиплекси за дигитален терестријален пренос на телевизиски програмски сервиси (ДВБ–Т) и два оператори за индивидуален сателитски прием на телевизиски програмски сервиси од типот „Директно до дома“, сите со регистрирани пакети програмски сервиси.

Согласно извештајот[6] за развој на пазарот на електронски комуникации во третиот квартал на 2011 година, уделот на претплатници на кабелската телевизија изнесуваше 64,76 %, на ДВБ - Т – 20,27 %, на ИПТВ – 14,65 % и на платена сателитска телевизија – 0,32 %.

На листата на домашни телевизиски програмски сервиси, регистрирани од Советот за радиодифузија на Република Македонија, заклучно со 31.12.2011 година, се наоѓаа сите телевизиски програмски сервиси на државно ниво (вклучувајќи ги МТВ 1, МТВ 2 и Собранискиот канал), сите телевизиски програмски сервиси на регионално ниво, и сите телевизиски програмски сервиси на локално ниво. Бројот на странските телевизиски програмски сервиси варираше во текот на извештајната година, за на крајот на 2011-та да бидат регистрирани вкупно 357 програмски сервиси. Во редот на странските телевизиски програмски сервиси беа застапени познати паневропски и светски телевизиски канали, а солидна беше застапеноста на регионалните телевизиски канали за кои имаше константен интерес на мултиетнички и мултикултурно разнородната телевизиската публика во Република Македонија.

На листите на најгледани телевизиски програмски сервиси од страна на претплатниците, освен домашните, се наоѓаа и дел од регионалните и другите странски филмски, спортски, музички и останати тематски канали.

Реемитувањето на радио и телевизиски програмски сервиси од страна на операторите на јавни комуникациски мрежи, сѐ повеќе и сѐ почесто, се комбинираше со понуда и на други, најчесто телекомуникациски услуги, како фиксна или мобилна телефонија и Интернет, со што Република Македонија продолжи да го следи европскиот и светскиот тренд на конвергенција на радиодифузните и телекомуникациските технологии. Одделни оператори, со користење на предностите на дигиталната технологија воведоа нови услуги, како снимање и паузирање на програмските сервиси и можност за избор меѓу повеќе аудио и титлувани верзии.

Зголемената достапност на Интернет им даде можност на гледачите да пристапуваат до „видео на барање" услугите на домашните радиодифузери, што значеше можност за бесплатно гледање на одделни телевизиски емисии од домашна продукција извесен период по нивното радиодифузно емитување.

Во април 2011 година беше изготвен Регистар на овластени застапници за склучување договори за реемитување на програмски сервиси во јавните комуникациски мрежи и на овластени застапници на филмски, спортски и други права врз содржини што се емитуваат на програмските сервиси на домашните радиодифузери (радија и телевизии), со тоа што тие имаа евиденционен (неконститутивен) карактер и податоците содржани во нив беа објавени на веб страницата на Советот за радиодифузија. Оваа активност беше реализирана во функција на олеснување на комуникацијата меѓу овие застапници и операторите на јавни комуникациски мрежи и домашните радиодифузери и регулирање на авторските и сродните права од страна на операторите на јавни комуникациски мрежи и домашните радиодифузери.

[6] Податокот е преземен од веб страницата на Агенцијата за електронски комуникации на РМ: http://www.aek.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=529 %3A-2011-&catid=54 %3A2011-06-22-08-36-12&Itemid=123&lang=mk

Во текот на 2011 година Советот за радиодифузија издаде вкупно 224 (двесте дваесет и четири) потврди за регистрација на програмски пакети на кабелски и други оператори на јавни комуникациски мрежи, распоредени во аналогни и дигитални програмски пакети.

Заради поефикасна заштита на авторските и сродните права на домашните и странските радиодфузери и правна сигурност на граѓаните во нивниот претплатнички однос со операторите на јавни комуникациски мрежи, на веб страницата на Советот беа редовно објавувани збирните пакети на регистрирани програмски сервиси на сите оператори на јавни комуникациски мрежи во Република Македонија.

Со регистрацијата на пакетите на 13 (тринаесет) нови кабелски оператори, во текот на 2011 година, продолжи трендот на зголемување на бројот на оператори со регистрирани програмски сервиси, што беше важно од аспект на легалното функционирање на пазарот на оператори на јавни комуникациски мрежи. Советот ги следеше и ги ажурираше податоците за сопственичко-организационите промени на операторите на јавни комуникациски мрежи.

### 4.2 Мониторинг на пакетите програмски сервиси

Советот за радиодифузија на РМ, надзорот над спроведувањето на Законот за радиодифузна дејност, во делот за работењето на операторите на јавни комуникациски мрежи, го врши преку редовни и ад хок мониторинзи, сам или како учесник во активностите на Координативното тело за интелектуална сопственост, формирано со одлука на Владата на Република Македонија. Со оглед на тоа што Советот нема со закон дадени инспекциски овластувања во однос на работата на операторите на јавни комуникациски мрежи, а надзорот над нивното работење Советот го спроведува преку мониторинг на програмските пакети на операторите на јавни комуникациски мрежи. Врз основа на резултатите до кои ќе дојде, а согласно член 109 од Законот за радиодифузната дејност, Советот издава налози за исклучување на нерегистрираните телевизиски програмски сервиси, по кои операторите мора да постапат веднаш. Во случај на непостапување по изречените налози, Советот поднесува барање за поведување на прекршочна постапка, со обврска претходно да спроведе постапка за порамнување со операторот и одговорното лице кај него. Советот презема вакви активности и по записници за утврдување на факти, сочинети врз основа на член 74 од Законот за нотаријатот.

Советот има технички можности (преку директен приклучок и со соодветен сет топ бокс или рисивер) редовно да ги мониторира аналогните и дигиталните пакети на операторите[7] на јавни комуникациски мрежи во Скопје, со кои има склучено Протоколи за обврските на операторите на јавни комуникациски мрежи во однос на преносот на програмски сервиси и обезбедувањето на аудиовизуелни медиумски сервиси на барање. И покрај повеќето обиди на Советот, сè уште не е склучен таков Протокол, помеѓу Советот како регулатор, и еден оператор на јавна комуникациска мрежа[8] со повеќе

[7] Оператори на јавни комуникациски мрежи потписници на Протоколот: ДИГИ ПЛУС МУЛТИМЕДИА ДООЕЛ – Скопје, АД Македонски телеком – Скопје, Тотал ТВ – Македонија - Скопје, и Кејбл тел – ДООЕЛ – Скопје

[8] Оператор на јавна комуникациска мрежа кој не е потписник на Протоколот: РОБИ – ДООЕЛ – Штип.

подружници, поради што Советот сè уште нема техничка можност (приклучок и опрема) за редовен мониторинг на програмските пакети на овој исто така голем оператор.

Техничкиот проблем во откривањето на операторите на јавни комуникациски мрежи без регистрирани програмски сервиси се состои во тоа што најголем дел од нив реемитуваат во затворен систем (не во етерот), поради што нивниот сигнал не можат да го детектираат трите постојни контролно – мерни центри во Република Македонија на Агенцијата за електронски комуникации, лоцирани во Скопје, Битола и Штип. Затоа надзорот над овие субјекти Советот го спроведува со мониторинг на терен низ целата држава.

Во времето од 01.01.2011 до 31.12.2011 година, Советот изврши 11 (единаесет) мониторинзи на програмските пакети на операторите на јавни комуникациски мрежи од внатрешноста на Република Македонија.

Мониторинзите беа проследени и со привремено одземање на приемна опрема од страна на претставниците на Министерството за внатрешни работи, врз основа на Законот за правна заштита на услугите кои се засноваат на условен пристап, или опфаќаат условен пристап, кога постои основано сомнение за сторен прекршок предвиден во тој закон, и врз основа на Кривичниот законик, кога постои основано сомнение за сторено кривично дело „Повреда на правото на дистрибутерот на технички посебно заштитен сателитски сигнал“, содржано во членот 157 – а, а конечната одлука за одземање е работа на надлежниот прекршочен или кривичен суд. При мониторинзите беа констатирани појави на неовластено користење на приемна опрема на два оператори на јавна комуникациска мрежа од страна на одделни други оператори на јавни комуникациски мрежи, без склучени договори за пренос на ТВ сигнал за комерцијални потреби.

Со мониторинзите беше констатирано дека најголем дел од прекршувањата се однесуваат на непочитувањето на член 109 став 4 од Законот за радиодифузната дејност, на начин што еден дел од операторите на јавни комуникациски мрежи, особено оние од внатрешноста на Република Македонија, и по добивањето на потврди за регистрација на пакетите програмски сервиси, покрај регистрираните, реемитуваа и други програмски сервиси, најчесто од редот на оние за кои не се обезбедени договори и не се регулирани авторските и сродните права.

При мониторинзите беа регистрирани случаи на пренесување на телевизиски програмски сервиси титлувани на српски, хрватски или бугарски јазик, како јазик различен од јазикот на кој оригинално се произведени, а не на македонски јазик, како што тоа го бара член 82 став 2 од Законот за радиодифузната дејност. Во таквите случаи, согласно законските овластувања, постапуваше надлежното Министерство за култура, чии претставници исто така учествуваат во активностите на Координативното тело за интелектуална сопственост.

Во 2011 година беше задржана понудата од 13 локализирани странски телевизиски програмски сервиси на македонски јазик (12 со титл и 1 со нахсинхронизација), а завиден беше бројот на преводи на албански јазик и јазиците на другите немнозински заедници во Република Македонија. Сè уште неразрешените спорни прашања меѓу операторите и неподготвеност на дел од

нив да инвестираат во локализацијата, резултираше со невоедначена понуда на локализирани сервиси кај операторите.

## 4.3 Изречени мерки

### 4.3.1 Налози за исклучување програмски сервиси[9]

Согласно член 109 став 1 од Законот за радиодифузната дејност, преку јавна комуникациска мрежа се пренесуваат програмски сервиси на домашни и странски радиодифузери, врз основа на претходен договор за уредени авторски права и сродните права, а согласно ставот 2 од истиот закон субјектите кои реемитуваат програмски сервиси преку јавна комуникациска мрежа се должни програмските сервиси да ги регистрираат во Советот за радиодифузија како целина, во вид на пакети, и притоа доставуваат потврда за уредени авторски и сродни права издадена од Министерството за култура. Ставот 3 од цитираниот член ги обврзува операторите на јавни комуникациски мрежи за секоја промена на регистрираниот пакет/пакети на програмски сервиси да го известат Советот за радиодифузија, а Советот, согласно член 109 став 4, ќе наложи исклучување на одреден програмски сервис доколку тој не ги исполнува условите од ставовите 1,2 и 4 на член 109 од Законот за радиодифузната дејност.

Врз основа на член 109 став 4 од Законот за радиодифузната дејност, во 2011 година, Советот, до операторите на јавни комуникациски мрежи, упати 11 (единаесет) налози за исклучување на програмски сервиси.

Советот, во повеќе наврати, до операторите на јавни комуникациски мрежи, достави налози за блокирање (затемнување) на делови од реемитувани телевизиски програмски сервиси, заради заштита на ексклузивни телевизиски спортски права на радиодифузери и други субјекти во Република Македонија за Мото шампионатот ГП 2011, Тенискиот натпревар Вимблдон 2011, Европското првенство во кошарка за мажи 2011, фудбалската Лига на Европа и Лигата на шампионите во фудбал. Заради заштита на ексклузивни телевизиски филмски права на еден домашен радиодифузер, беа издадени налози за блокирање (затемнување) на реемитуваните телевизиски програмски сервиси, во време на реемитувањето на хрватскиот телевизиски серијал „Изборот на Лара“ и бугарскиот телевизиски серијал „Стаклен дом“.

### 4.3.2 Прекршочни и кривични постапки против операторите на јавна комуникациска мрежа[10]

Советот за радиодифузија, согласно неговата надлежност од член 37 став 1 точка 13 од Законот за радиодифузната дејност, во 2011 година поведе вкупно 3 (три) прекршочни постапки за непостапување по мерка – налог за исклучување

[9] Деталните податоци за налозите за исклучување програмски сервиси се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Налози за исклучување програмски сервиси на оператори на јавна комуникациска мрежа во 2011 година“ (Прилог бр. 6)

[10] Деталните податоци за прекршочните и кривичните постапки против операторите на јавна комуникациска мрежа се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Прекршочни и кривични постапки против операторите на јавна комуникациска мрежа“ (Прилог бр. 7)

на програмски сервиси. Ниедна од овие постапки сѐ уште не е правосилно завршена.

Постапките за постапување спротивно на член 82 став 2 од Законот за радиодифузната дејност во поглед на преводите целосно ги презеде Министерството за култура.

Од покренатите прекршочни постапки во 2010 година, во извештајната 2011 година правосилно завршија 10 (постапки), од кои три за повреда на член 82 став 2 од Законот за радиодифузната дејност, а останатите седум за непостапување по налог за исклучување на програмски сервиси. Во првата група предмети, сите пресуди беа осудителни, со глоби за правното лице (300 евра, 200 евра и 1000 евра, во денарска противвредност), а за одговорното лице во два предмети со глоби (100 евра и 300 евра, во денарска противвредност), а во еден случај со опомена. Во втората група предмети, три беа завршени со ослободителна пресуда, заради настапена апсолутна застареност, а останатите четири беа осудителни, со глоби за правното лице (1000 евра, 600 евра, 500 евра и 300 евра, во денарска противвредност), и глоби за одговорното лице (500 евра, 300 евра, 200 евра и 100 евра, во денарска противвредност). Во два од втората група предмети, на операторите им се изречени забрани за вршење дејност во траење од шест месеци, односно една година, а на нивните одговорни лица забрана на вршење должност, во траење од 6 месеци.

Советот поднесе и една кривична пријава против еден оператор на јавна комуникациска мрежа и негово одговорно лице, поради основано сомнение за сторени кривични дела „Повреда на правото на технички заштитен сателитски сигнал“ од член член 157-а став 1 и став 3 во врска со став 1 од Кривичниот законик. Постапките по оваа и по уште четирите од Советот поднесени кривични пријави од 2010 година се во тек, а Советот учествува и во постапките за исти такви кривични дела, покренати по кривични пријави на Министерството за внатрешни работи.

### 4.4 Други преземени активности

Во текот на 2011 година беа доставени 7 (седум) известувања до Координативното тело за интелектуална сопственост[11], со предлог за преземање активности. На ова тело редовно му беа доставувани и потврдите за регистрирани пакети со програмски сервиси на операторите на јавни комуникациски мрежи.

Советот доставуваше потврди за регистрирани пакети со програмски сервиси и до Министерството за култура, а достави и еден предлог за спроведување на инспекциски надзор.

Во април 2011 година беше изготвен регистар на овластени застапници за склучување договори за реемитување на програмски сервиси во јавните комуникациски мрежи и регистар на овластени застапници на филмски, спортски и други права врз содржини што се емитуваат на програмските сервиси на домашните радиодифузери (радија и телевизии). Овие регистри имаат

[11] Деталните податоци за предлозите до Координативното тело се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Предлози до Координативното тело за интелектуалната сопственост при Влада на РМ“ (Прилог бр. 8)

евиденционен (неконститутивен) карактер и податоците содржани во нив беа објавени на веб страницата на Советот за радиодифузија, во функција на олеснување на комуникацијата меѓу овие застапници и операторите на јавни комуникациски мрежи и домашните радиодифузери и регулирање на авторските и сродните права од страна на операторите на јавни комуникациски мрежи и домашните радиодифузери. Пред нивното изготвување беше подготвен Повикот на Советот за радиодифузија, до заинтересираните овластени застапници, објавен на ден 24.02.2011 година, во два дневни весника и на веб страницата на Советот за радиодифузија. Овој повик беше сочинет врз основа на календарот на активности, предвидени со Националната програма за усвојување на правото на Европската унија 2011.

# 5. АНАЛИЗИ

## 5.1 Анализа на пазарот на радиодифузната дејност за 2010 година[12]

Советот за радиодифузија секоја година изработува анализа на пазарот на радиодифузната дејност за претходната година, во која се анализираат состојбите во радиодифузната индустрија од аспект економско-финансиското работење на радиодифузерите. За да се обезбеди споредливост на податоците, во секоја годишна анализа е применета истата методологија.

За да се утврди економското и финансиското работење на радиодифузерите во 2010 година и да се детектираат трендовите во развојот на радиодифузната и огласувачката индустрија, Советот за радиодифузија изработи Анализа на пазарот на радиодифузната дејност за 2010 година. Податоците за економското работење во анализираната година ги доставија самите радиодифузери (на посебен образец што го изработи Советот за радиодифузија), а нивната валидност беше проверена преку споредба со податоците од завршните сметки на радиодифузерите.

Во оваа Анализа, одделно се анализирани состојбите на пазарот на телевизиската индустрија и состојбите на пазарот на радиската индустрија во РМ (вкупните приходи, вкупните трошоци, резултатот од работењето и бројот на вработени во редовен работен однос). Во рамките на овие делови, од аспект на географското подрачје, одделно се анализирани субјектите кои вршат радиодифузна дејност на територијата на целата држава, на регионално и на локално ниво. Во делот кој се однесува на пазарот на огласување, се претставени податоците за состојбите на пазарот на огласување во телевизиската индустрија, со акцент на бруто-приходите од огласување, најзначајните огласувачки индустрии и огласувачки компании во телевизискиот сектор, уделите на одделните телевизиски станици во вкупната гледаност и најгледаните програмски содржини во анализираната година.

[12] Анализата е објавена на веб страницата на Советот за радиодифузија на РМ: *http://www.srd.org.mk/images/stories/analiza%20na %20pazarot%20na%20radiodifuznata%20dejnost%20za%202010.pdf*

### 5.1.1 Клучни наоди за телевизиската индустрија

| | Удел во вкупната гледаност | Вкупни приходи | Приходи од реклами | Вкупни трошоци | Резултат од работењето | Број на вработени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **МТВ (МТВ1, МТВ2 и Собраниски канал)** | 8,21 | 548,32 | 39,56 | 527,78 | 18,28 | 576 |
| **А1** | 24,66 | нема податок | нема податок | нема податок | нема податок | нема податок |
| **Сител** | 17,87 | 406,94 | 385,28 | 373,55 | 31,70 | 124 |
| **Канал 5** | 5,14 | 204,63 | 195,4 | 184,52 | 19,05 | 94 |
| **Телма** | 3,25 | 110,05 | 75,48 | 109,27 | 0,28 | 73 |
| **Алсат-М** | 6,21 | 103,41 | 97,16 | 181,22 | -78,26 | 115 |
| **Сателитски ТВ** | 13,77 | 98,65 | 96,42 | 221,33 | -123,21 | 292 |
| **Регионални ТВ** | | 85,88 | 35,95 | 127,28 | -41,91 | 64 |
| **Локални ТВ** | | 102,67 | 78,59 | 96,64 | 6,33 | 163 |
| **ВКУПНО** | 79,11 | 1.660,55 | 1.003,84 | 1.821,59 | -167,74 | 1.501 |

Вкупните приходи на телевизиските станици изнесувале 1.660,55 милиони денари (во овој износ не се пресметани приходите на А1 телевизија, со оглед на тоа што целокупната документација на овој радиодифузер беше запленета во ноември 2010 година; во моментот на изработка на Анализата, веќе беше започната стечајна постапка за А1 телевизија). Најатрактивна за огласувачите била телевизијата Сител. Од вкупните средства за рекламирање на производите и услугите, речиси 40 отсто биле потрошени за рекламирање на оваа телевизија. Во 2010 година, четирите комерцијални телевизиски станици што емитуваат програма на државно ниво преку терестријален предавател потрошиле речиси двојно повеќе средства (848,56 милиони денари) отколку сателитските, регионалните и локалните телевизии заедно (445,25 милиони денари). Во јавниот сектор биле вработени 38,37 отсто од вработените во телевизиската индустрија, а останатите 61,63 отсто биле вработени во комерцијалните телевизии. Во 2010 година, најгледана била телевизијата А1 со удел од 24,66 отсто во вкупната гледаност. Значајно учество во вкупната гледаност има и телевизијата Сител (17,87 отсто).

### 5.1.2 Клучни наоди за радиската индустрија

| | Вкупни приходи | Приходи од реклами | Вкупни трошоци | Резултат од работењето | Број на вработени |
|---|---|---|---|---|---|
| **Македонско радио** | 182,77 | 13,19 | 175,93 | 6,09 | 303 |
| **Антена 5** | 39,18 | 39,01 | 28,89 | 9,66 | 14 |
| **Канал 77** | 25,04 | 10,81 | 11,17 | 13,83 | 5 |
| **Метрополис** | 3,93 | 3,93 | 4,64 | -0,78 | 0 |
| **Регионални радиостаници** | 58,57 | 54,19 | 53,65 | 4,92 | 64 |
| **Локални радиостаници** | 29,19 | 25,4 | 27,26 | 1,93 | 68 |
| **ВКУПНО** | 338,68 | 146,53 | 301,54 | 36,43 | 454 |

Во 2010 година, вкупните приходи што ги оствариле сите субјекти на радискиот пазар изнесувале 338,68 милиони денари. Учеството на вкупните приходи на Македонско радио во овие средства изнесувале речиси 54 отсто. Најголем дел од вкупните средства наменети за огласување на радиостаниците биле издвоени за огласување на радиостаницата Антена 5 (27 отсто од нето-приходите од рекламирање). Во 2010 година, радиостаницата Антена 5 потрошила повеќе средства (28,89 милиони денари) отколку сите локални радиостаници заедно (27,26 милиони денари). Речиси 67 отсто од вкупниот број вработени во радиската индустрија биле ангажирани во јавниот сервис.

### 5.1.3 Клучни наоди за пазарот на огласување

Во 2011 година, на телевизиските станици најчесто се рекламирале производите на прехранбената индустрија, на индустријата за безалкохолни пијалаци, транспортната индустрија и телекомуникациската индустрија. Најголема вредност на емитуваните реклами, во бруто износ (според официјалните ценовници на телевизиите), имале рекламните спотови на компанијата Оне, дневниот весник Време, Кока-кола, „Procter & Gamble“ и ВИП. Помеѓу првите педесет најголеми огласувачи се појавува и Владата на РМ, на осумнаесеттото место. Најголем удел во вкупната гледаност имале телевизијата А1 (24,66 отсто) и телевизијата Сител (17,87 отсто).

## 5.2 Анализа на структурата на вработените во радиодифузната индустрија[13]

Врз основа на податоците што ги доставија радиодифузерите, Советот изработи Анализа на структурата на вработените во радиодифузната индустрија, во која се претставени податоците за структурата на ангажираните лица според работните места, според степенот на образование, како и според родовата застапеност.

### 5.2.1 Клучни наоди за структурата на вработените во телевизиската индустрија

| | | Состојба на 31.12.2010 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупен број | | Образование | | | | | | Статус | | | |
| | | | | ВСС | | ССС | | Друго | | Редовен работен однос | | Хоно-рарно ангажи-рани | |
| | кадар | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | М |
| 1 | Новинари | 300 | 231 | 214 | 156 | 84 | 70 | 2 | 5 | 239 | 195 | 61 | 36 |
| 2 | Уредници | 25 | 48 | 22 | 32 | 3 | 16 | 0 | 0 | 23 | 38 | 2 | 10 |
| 3 | Управители/ди-ректори | 15 | 57 | 11 | 21 | 3 | 36 | 1 | 0 | 14 | 55 | 1 | 2 |
| 4 | Технички кадар (инженери и техничари) | 30 | 130 | 13 | 20 | 17 | 102 | 0 | 8 | 26 | 105 | 4 | 25 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 98 | 475 | 19 | 79 | 77 | 357 | 2 | 39 | 96 | 412 | 2 | 63 |
| 6 | Преостанат кадар | 157 | 132 | 50 | 31 | 96 | 88 | 11 | 13 | 137 | 122 | 20 | 10 |
| | ВКУПНО | 625 | 1073 | 329 | 339 | 280 | 669 | 16 | 65 | 535 | 927 | 90 | 146 |

Во 2010 година, вкупниот број на вработени кај сите субјекти на телевизиската индустрија, изнесувал 1698 лица, од кои 1462 лица биле во редовен работен однос, а 236 биле хонорарно ангажирани (овој податок не ги опфаќа вработените во А1 телевизија, со оглед на тоа што над овој субјект веќе беше започната стечајна постапка во моментот на изработка на оваа анализа). Во јавниот сервис, Македонската телевизија, биле вработени 34 отсто, а останатите 66 отсто во комерцијалните телевизиски станици.

[13] Анализата е објавена на веб страницата на Советот за радиодифузија на РМ: *http://www.srd.org.mk/images/stories/analiza%20na%20strukturata%20na%20vrabotenite%20vo%20radiodifuznata%20industrija%202010.pdf.*

### 5.2.2 Клучни наоди за структурата на вработените во радиската индустрија

| | | Состојба на 31.12.2010 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупен број | | Образование | | | | | | Статус | | | |
| | | | | ВСС | | ССС | | Друго | | Редовен работен однос | | Хонорарно ангажирани | |
| | Кадар | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | М |
| 1 | Новинари | 127 | 107 | 94 | 57 | 30 | 44 | 3 | 6 | 103 | 85 | 24 | 22 |
| 2 | Уредници | 12 | 11 | 8 | 4 | 4 | 7 | 0 | 0 | 6 | 10 | 6 | 1 |
| 3 | Управители/директори | 12 | 39 | 3 | 7 | 9 | 31 | 0 | 1 | 10 | 35 | 2 | 4 |
| 4 | Технички кадар (инженери и техничари) | 10 | 57 | 3 | 3 | 7 | 52 | 0 | 2 | 4 | 42 | 6 | 15 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 26 | 82 | 3 | 14 | 21 | 60 | 0 | 10 | 19 | 76 | 5 | 8 |
| 6 | Преостанат кадар | 49 | 22 | 7 | 8 | 37 | 10 | 5 | 4 | 45 | 22 | 4 | 0 |
| | ВКУПНО | 236 | 318 | 118 | 93 | 108 | 204 | 8 | 23 | 187 | 270 | 47 | 50 |

Вкупниот број на вработени кај сите субјекти на радиската индустрија, изнесувал 554 лица, од кои 457 во редовен работен однос, а 97 биле хонорарно ангажирани. Повеќе од половината (55 отсто) биле вработени во Македонско радио, а останатите 45 отсто во комерцијалните радиостаници.

## 5.3 Полугодишна анализа на следењето на сопственичката структура на радиодифузерите и на нивните обврски во поглед на транспарентноста на сопственоста и изворите на финансирање[14]

Во јули 2010 година, Советот изработи Полугодишна анализа на следењето на сопственичката структура на радиодифузерите и на нивните обврски во поглед на транспарентноста на сопственоста и изворите на финансирање во која беа опфатени активностите што Советот ги презел во оваа насока во периодот од 01 јануари до 30 јуни 2011 година. Анализата се состоеше од следните делови: антиконцентрациски мерки во Законот за радиодифузната дејност; следење на сопственичката структура; промени на сопственичката структура на радиодифузерите; констатирана недозволена медиумска концентрација и транспарентност на сопственичката структура.

[14] Анализата е објавена на веб страницата на Советот за радиодифузија на РМ: *http://www.srd.org.mk/images/stories/Polugodisna_analiza_za_sledenjeto_na_SS_i_transparentnost.pdf.*

## 5.4 Годишна анализа за надзорот врз обврските на операторите на јавни комуникациски мрежи[15]

Во рамките на исполнувањето на обврските од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, во извештајниот период беа изработени четири квартални анализи за надзорот врз обврските на операторите на јавни комуникациски мрежи: регистрирани пакети; изречени казни; најчести прекршувања и изречени мерки и други активности на Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторските и сродните права, со предлог заклучоци за натамошни активности на Советот. Од анализите произлезе нужноста од зголемени надлежности на Советот за радиодифузија во однос на надзорот на обврските на операторите на јавни комуникациски мрежи и потребата од засилено мониторирање на регионалните и локалните радиодифузери во поглед на исполнувањето на обврската за создавање и емитување на програма со регулирани авторски и сродни права, посебно во делот што се однесува на емитуваната филмска програма. Сознанијата добиени од анализите резултираа во изготвување Предлог за интервентни измени на Законот за радиодифузната дејност, во делот што се однесуваше на работата на операторите на јавни комуникациски мрежи, инспекцискиот надзор и казнените одредби којшто до Министерство за транспорт и врски на Република Македонија.беше доставен во декември 2011 година.

## 5.5. Анализа на сите спроведени мерки изречени од страна на Советот за радиодифузија на РМ кон радиодифузерите и најчести прекршувања во периодот од 1-ви јануари до 30-ти јуни 2011 година[16]

Советот за радиодифузија, во текот на 2011 година, спроведе Анализа на сите спроведени мерки изречени од страна на Советот за радиодифузија на РМ кон радиодифузерите и најчести прекршувања во периодот од 01.01. до 30.06.2011 година.

Имено, Советот за радиодифузија согласно своите надлежности утврдени во член 37, став 1, точка 8 од Законот за радиодифузната дејност, презема мерки против радиодифузерите што не ги извршуваат своите обврски утврдени со Закон, дозволата за вршење радиодифузна дејност и актите на Советот за радиодифузија на РМ.

Мерките кои Советот за радиодифузија на РМ им ги изрекува на радиодифузерите, се утврдени во член 38 од Законот за радиодифузната дејност, согласно кој Советот за радиодифузија за констатираните прекршувања од страна на радиодифузерите ги изрекува следните мерки: писмена опомена, писмена опомена со барање за објавување, времена забрана за рекламирање и

[15] Анализата е објавена на веб страницата на Советот за радиодифузија на РМ: http://www.srd.org.mk/images/stories/Analiza_za_nadzor_na_JKM_registrirani_paketi_kazniprekrsuvanja_i_merki_-_tret_kvartal.pdf

[16] Анализата е објавена на веб страницата на Советот за радиодифузија на РМ: http://www.srd.org.mk/images/stories/Analiza_na_sprovedeni_merki_i_najcesti_prekrsuvanja.pdf

телешопинг од еден до седум дена и времена забрана за емитување на програмскиот сервис за период од најмногу три месеци.

Од спроведената анализа произлезе заклучок дека најчести биле:

- прекршувањата на член 71, став 3 од Законот за радиодифузната дејност, односно непочитувањето на Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој, со констатирани 19 (деветнаесет) повреди од ваков тип,

- неисполнувањето на законската обврска утврдена во член 20 од Законот за радиодифузната дејност, радиодифузерите да ги објават податоците што се однесуваат на нивното работење во претходната година во најмалку еден дневен весник и, во ударни термини, на сопствената програма најмалку трипати годишно со констатирани 12 (дванаесет) повреди од ваков тип,

- повреди на останати членови од глава VI. од Законот за радиодиуфзната дејност, кои се однесуваат на програмските стандарди, со констатирани 11 (единаесет) повреди од ваков тип,

- повреди на одредбите од глава VII од Законот за радиодифузната дејност кои се однесуваат на рекламирањето, телешопингот и спонзорството, и

- повреди на одредени одредби од Правилникот за користење телефонски услуги со посебна тарифа во програмите на радио и телевизиските програмски сервиси.

Во однос на структурата на изречените мерки, во анализираниот период во најголем број се изречени писмени опомени (39), а во помал број се изречени писмени опомени со барање за објавување (8) и времени забрани за рекламирање и телешопинг од еден ден (4). Во најмал број од вкупниот број мерки, изречени се времени забрани за рекламирање и телешопинг од три дена (2).

По однос на тоа каква е состојбата во спроведувањето на мерките, односно колку радиодифузерите ги извршиле изречените мерки од страна на Советот, во периодот од 1-ви јануари до 30-ти јуни 2011-та година, податоците разработени во анализата, говорат дека извршувањето на мерките од страна на радиодифузерите е на ниско/незадоволително ниво, што упатува на заклучок дека мерките на Советот за радиодифузија на РМ постигнале минимален ефект кај радиодифузерите.

За да се надмине утврдената состојба, а со цел подобрување на ефикасноста на мерките, се препорача да се направат измени во Законот за радиодифузната дејност, во насока: да се воведе прекршочна одредба за непостапување на радиодифузерите по изречените мерки, со што таа не би се однесувала на мерката – писмена опомена, како и неизвршувањето на изречените мерките од страна на радиодифузерот во континуитет да се предвиди во Законот за радиодифузната дејност како основ за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност. Ваквите законски решенија од една страна ќе му овозможат на Советот за радиодифузија на РМ да дејствува кога ќе утврди дека одреден радиодифузер не ја спровел изречената мерка, а од друга страна предложените измени во Законот, кај радиодифузерите би делувале превентивно, затоа што сознанието дека поради неспроведувањето на изречената мерка би можело да дојде до поведување прекршочна постапка пред надлежен суд, односно, во крајна линија, до одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност, ќе ги поттикне радиодифузерите не само да ги спроведуваат изречените мерки туку и да не ги прекршуваат одредбите од Законот/подзаконските акти/дозволата.

### 5.6 Правна анализа на резултатите од поведените прекршочни постапки против радиодифузерите во периодот од јануари до јуни 2011 година[17]

Во текот на 2011-та година, Советот за радиодифузија на РМ спроведе Правна анализа на резултатите од поведените прекршочни постапки против радиодифузерите во периодот од јануари до јуни 2011 година.

Имено, Советот за радиодифузија на РМ како независно регулаторно непрофитно тело во областа на радиодифузијата, покрај другите овластувања во областа на радиодифузијата, има овластувања и можност да поднесува барања за поведување прекршочни постапки пред надлежните судови против радиодифузерите за:

- прекршоци предвидени во Законот за радиодифузната дејност, во случаи кога сторените повреди се од таков карактер или се сторени под такви околности од кои јасно произлегува дека целта на казнувањето нема да се постигне со изрекување на една од мерките кои се предвидени во член 38 од Законот за радиодифузната дејност и

- прекршоци предвидени во Изборниот законик, сторени од страна на радиодифузерите во време на избори, односно од денот на распишувањето на изборите до завршувањето на гласањето на денот на одржувањето на изборите.

Советот за радиодифузија на Република Македонија во периодот од месец јануари до месец јуни 2011 година, за констатираните прекршувања на:

- Законот за радиодифузната дејност, има поднесено: 4 (четири) барања за поведување прекршочна постапка, против радиодифузерите кои во повеќе наврати не ја исполниле обврска предвидена во член 20 став 1 и 2 од Законот за радиодифузната дејност (на определениот термин 31 март 2011 година не ги објавиле податоците за нивното работење во претходната година, односно до Советот не доставиле копија од објавената содржина во дневен весник и снимка од емитуваната содржина на ДВД формат). Согласно одредбите содржани во Законот за прекршоците, Советот спроведе постапка за порамнување, при што ниту една од спроведените 4-ри постапки за порамнување не заврши успешно;

- Изборниот законик, Правилникот за однесувањето на радиодифузерите во периодот пред започнување на изборната кампања бр.01-1596/1 од 21.04.2011 година и Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување во време на изборната кампања бр.01-1597/1 од 21.04.2011 година, во време на предвремените избори за пратеници во Собранието на РМ во 2011 година, има поднесено 30 (триесет) барања за поведување прекршочна постапка, од кои: 21 (дваесет и едно) во периодот пред започнувањето и во текот на изборната кампања и во време на изборниот молк (4 во периодот пред започнувањето и 17 во текот на изборната кампања и изборниот молк), и 9 (девет) поради необезбедувањето рамноправен пристап во изборното медиумско претставување на сите учесници во изборниот процес.

[17] Анализата е објавена на веб страницата на Советот за радиодифузија на РМ: http://www.srd.org.mk/images/stories/Pravna_analiza_na_rezultatite_od_povedenite_prekrsocni_postapki_januari-juni_2011.pdf

Врз основа на одредбите содржани во член 178-а од Изборниот законик, а во согласност со одредбите од Законот за прекршоците, Советот е обврзан пред поднесувањето на барање за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд, да спроведе постапка за порамнување.

Од вкупно 21 (дваесет и една) спроведени постапки за порамнување за повреди сторени на одредбите на член 75 став 2 и 3 од Изборниот законик, и подзаконските акти, завршени заклучно со 30.06.2011 година, 10 (десет) постапки за порамнување завршија успешно. Ефектот од 10-те успешни постапки за порамнување, се состои во тоа што радиодифузерите во утврдениот рок ги платиле глобите врз основа на издадениот Платен налог од страна на Советот за радиодифузија, и на тој начин постапката завршува пред Советот и нема да продолжи пред надлежниот суд.

Со оглед на фактот дека приближно една половина од спроведените постапки за порамнување завршиле успешно, може да се оцени дека порамнувањето како постапка која му претходи на поведувањето прекршочна постапка пред надлежниот суд, ја постигнала својата цел и го оправдала своето постоење, а со тоа е придонесено да се намали бројот на предметите пред судовите што може да влијае врз зголемувањето на ефикасноста на судовите.

Во однос на постапките за порамнување (11) кои не завршија со плаќање на глобата врз основа на издадениот платен налог, Советот поднесе барања за поведување прекршочни постапки пред надлежните судови.

Досегашното искуство од спроведените прекршочни постапки пред надлежните судови, покажува дека преовладува тенденцијата на изрекување глоби кои гравитираат кон законски пропишаниот минимум со примена на олеснителните околности или кон завршување на постапките со одбивање на поднесените барања поради настапување на застареност за водење на прекршочната постапка.

Наведеното може да упати на заклучок дека судовите не се ефикасни во своето работење, или дека не се растоварени од многубројните прекршочни предмети.

За да се пронајде модел и инструмент за забрзување на решавањето на постапките, судовите во текот на изминатата година, започнаа да инсистираат на примена на постапката за порамнување од страна на органите кои се овластени за поведување прекршочни постапки, и покрај тоа што наведеното законско решение е содржано во Законот за прекршоците кој е стапен во сила од мај 2006 година.

Во смисла на наведеното (а за да се постигне поефикасен систем на санкционирање на сторителите на прекршоците), се и последните измени и дополнувања на Изборниот законик, каде што се инсистира на постапка за порамнување пред да се поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд.

Со постапката за порамнување, во која сторителите се согласуваат да ги уплатат глобите од издадениот платен налог, глобите се уплаќаат во краток рок од констатирањето на сторениот прекршок, за разлика од судските постапки во кои може да се дојде до избегнување на казната поради застарување на предметот или во најмала мера изречената казна да има помал ефект за сторителите, поради што казната временски се одолговлекува од моментот кога е сторен прекршокот, имајќи ги предвид причините кои доведуваат до

одовлекување на судските постапките (успешна/неуспешна судска достава, или жалбена постапката пред Апелационен суд и сл.) или на обвинетите да им биде изречена судска опомена.

Собранието на Република Македонија, на ден 12.04.2011 година, донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците („Службен весник на РМ", бр. 51/2011), со кој периодот за настапување на застареност на прекршочно гонење се зголеми од две на шест години, и се предвиде дека при ублажувањето на глобите за прекршоците кои се сторени под особено олеснителни околности, глобата да не може да се ублажи за повеќе од една третина од минимум пропишаната глоба.

На овој начин се очекува да се постигне поефикасен систем на санкционирање на сторителите на прекршоците, како и подигнување на нивото на општествената дисциплина на сторителите на прекршоците.

## 5.7 Годишна анализа за законските обврски на радиодифузерите за зачувување на културниот идентитет [18]

Почитувањето на обврските за емитување одреден процент изворно создадена програма и вокално-инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на немнозинските етнички заедници во Република Македонија, е мерливо на дневно ниво и Советот го следи во рамките на својот редовен мониторинг. Врз основа на мониторинзите спроведени во текот на 2011 година, може да се констатира дека Јавниот радиодифузен сервис (на телевизиските програми МТВ1 и МТВ2) ги исполнува обете обврски за заштита и негување на културниот идентитет. На радио-програмите на македонски јазик (Радио Скопје и Радио 2), застапеноста на вокално-инструменталната музика на македонски јазик се движи околу 33 %, а според Законот треба да биде најмалку 45 %.

Од комерцијалните радиодифузери на државно ниво, терестријалните телевизии најчесто ги исполнуваат обете обврски, но повремено имаат проблеми со обврската за емитување најмалку 30 % изворно создадена програма. Комерцијалните радија редовно ја пренебрегнувале обврската за вокално-инструментална музика (во трите мониторинзи реализирани во 2011 година, кај сите три станици е констатирано прекршување на оваа одредба од Законот). Најголем дел од сателитските телевизии ги почитуваат обете обврски, а има и такви кои не успеваат да ја сфатат нивната важност.

Медиумите на регионално и локално ниво главно ги исполнуваат обврските за негување на културниот идентитет. Кај телевизиите кај коишто е констатирано непочитување на овие обврски, тоа повеќе се однесува на обврската за емитување изворно создадена програма.

[18] Анализата е објавена на веб страницата на Советот за радиодифузија на РМ: http://www.srd.org.mk/images/stories/publikacii/publikacii_2012/Izvestaj_za_ostvaruvanje_na_obvrskite_za_zastita_i_neguvanje_na_kulturniot_identitet_na_radio_i_televiziskite_programi_vo_2011_godina.pdf

# 6. СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА НА ТРГОВСКИТЕ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА[19]

## 6.1 Следење на сопственичката структура на радиодифузерите

Советот за радиодифузија од сите радиодифузери побара да доставaт Тековна состојба за трговското радиодифузно друштво издадена од Централниот регистар на РМ, не постара од 7 дена од денот на доставување во Советот, за да ги провери податоците, во смисла на евентуални промени направени без претходно одобрение од Советот. По извршената проверка на податоците во Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на РМ, беше констатирано дека не е извршена ниту една промена на сопственичката структура без претходно побарано одобрение од Советот.

## 6.2 Промени во сопственичката структура

Во текот на 2011 година, до Советот беа доставени вкупно седум уредни и комплетни барања за одобрение за промена на сопственичката структура, од кои три од радиостаници и четири од телевизиски станици:

Од страна на ТРД Радио Ла Коста ДООЕЛ од Виница, до Советот за радиодифузија беше доставено барање за согласност за промена на сопственичка структура. Побарана беше согласност за истапување на дотогашниот единствен основач на радиодифузерот, физичкото лице Петре Костадинов од Виница и пристапување на физичкото лице Дафинка Костадинова од Виница.

Трговско радиодифузно друштво МНЦ ТВ ДООЕЛ од Скопје, побара согласност за истапување на правното лице Друштво за трговија, производство и услуги МНЦ МЕДИА ДООЕЛ од Скопје и пристапување на правното лице Cable 24 ДОО од Линц, Австрија, во сопственост на физичкото лице Јирген Меихнер и правното лице ЈМ-ДАТА ДОО од Австрија во сопственост на физичкото лице Јирген Меихнер. Според податоците од Интернет дистрибутивниот систем на ЦРМ беше констатирано дека, правното лице Cable 24 ДОО и физичкото лице Јирген Меихнер, не се јавуваат како основачи на трговски друштва во Република Македонија.

Трговското Радиодифузно друштво Б-97 ДООЕЛ од Битола, побара согласност за промена на сопственичка структура, односно за истапување на физичкото лице Марија Младеновска Димитровска од Битола и пристапување на физичкото лице Петар Робе од Битола. При проверката на податоците од Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Македонија, беше констатирано дека физичкото лице Петар Робе не се јавува како основач на трговски друштва.

Од страна на ТРД Радио Мерак 5ФМ Љупчо и Владимир ДОО од Велес, до Советот за радиодифузија беше доставено барање за согласност за промена на сопственичка структура. Беше побарана согласност за истапување на физичкото лице Љупчо Несторов од Велес и пристапување на физичкото лице Катерина

[18] Деталните податоци за сопственичката структура на трговските радиодифузни друштва се дадени во прилог на крајот на овој Извештај „Сопственичката структура на трговските радиодифузни друштва“ (Прилог бр. 9).

Несторова од Велес. Според податоците од Интернет дистрибутивниот систем на ЦРМ констатирано е дека физичкото лице Катерина Несторова не се јавува како основач на трговски друштва.

ТРД ТВ Свет ДОО од Свети Николе, до Советот за радиодифузија достави барање за согласност за промена на сопственичка структура. Беше побарана согласност за истапување на физичкото лице Димитар Дечков од Свети Николе, со учество од 49 отсто во основната главнина на друштвото и пристапување на физичкото лице Ѓорѓи Дечков од Свети Николе, со учество од 49 отсто во основната главнина на друштвото.

Во текот на мај 2011 година, Трговско радиодифузно друштво Телевизија Канал 8 ДООЕЛ од Кочани, до Советот за радиодифузија достави барање за согласност за промена на сопственичка структура. Беше побарана согласност за истапување на единствениот основач на радиодифузерот, физичкото лице Ангел Петров од Кочани и пристапување на физичкото лице Благој Ситновски од Кочани.

Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КРТ ДОО од Скопје, од Советот побара согласност за истапување на еден од основачите, физичкото лице Благој Механџиски од Скопје. Со планираната промена, физичкото лице Биљана Зафировска од Скопје, која дотогаш учествуваше со 49 отсто во основачката главнина на радиодифузерот, би била единствен основач на радиодифузерот.

Откако констатираше дека со планираните промени не се создава недозволена медиумска концентрација, односно дека не се прекршуваат одредбите од Законот за радиодифузната дејност, Советот на овие седум радиодифузери им издаде одобренија за промена на сопственичката структура.

### 6.3 Недозволена медиумска концентрација

Во текот на 2011 година, врз основа на податоците од тековните состојби што комерцијалните телевизиски станици ги доставија во Советот за радиодифузија, беше извршена проверка во Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на РМ. Користејќи ги единствените матични броеви на физичките и правните лица што се јавуваат како основачи, како и единствените матични броеви на управителите на радиодифузерите, беше проверено на кои други трговски друштва овие лица се јавуваат како основачи.

Притоа беше констатирано постоење на недозволена медиумска концентрација кај две телевизиски станици (Трговското радиодифузно друштво Зоран Стефановски Независна ТВ Охрид ДООЕЛ и Трговско друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица) што имаат дозвола за вршење радиодифузна дејност на локално ниво, како и кај три радиостаници, од кои една со дозвола за емитување програма на државно ниво (Радиодифузното трговско друштво РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО од Скопје) и две со дозвола за вршење радиодифузна дејност на локално ниво (Трговско радиодифузно друштво МОДЕА ДООЕЛ од Свети Николе и Трговското радиодифузно друштво СКАЈ РАДИО ПЛУС ДООЕЛ од Берово), и тоа во смисла дека:

Единствениот основач на Трговското радиодифузно друштво Зоран Стефановски Независна ТВ Охрид ДООЕЛ, физичкото лице Зоран Стефановски, истовремено се јавуваше и како единствен основач на Друштвото за трговија, маркетинг и услуги НТВ ПРОДУКЦИЈА увоз-извоз од Охрид, со претежна шифра на

дејност 73.11 – Агенција за маркетинг.[20] Управителот на Трговско друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, физичкото лице Миле Милановиќ, истовремено се јавуваше како основач на Друштвото за производство, услуги и трговија ГЛОБАЛ-МЕДИА ДОО увоз-извоз Струмица кое, пак, се јавува како основач на друго трговско друштво – Друштво за производство, трговија и услуги АРТ-МЕДИЈА Струмица, со претежна шифра на дејност 73.12 – Огласување преку медиуми.[21] Еден од основачите на Радиодифузното трговско друштво РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО од Скопје, физичкото лице Дејан Билески, истовремено се јавуваше и како основач на Друштво за маркетинг и услуги МАРКЕТ ПОИНТ ДООЕЛ од Скопје, со претежна шифра на дејност 73.11 – Агенција за маркетинг.[22] Управителот на Трговското радиодифузно друштво МОДЕА ДООЕЛ од Свети Николе, физичкото лице Блаѓе Монев, истовремено се јавуваше како основач на Трговско радиодифузно друштво САФАРИ ЈТД од Свети Николе, со претежна шифра на дејност 59.11 – дејности на производство на филмови, видеофилмови и телевизиска програма.[23] Единствениот основач на Трговското радиодифузно друштво СКАЈ РАДИО ПЛУС ДООЕЛ од Берово, физичкото лице Веселка Радинска, истовремено се јавуваше како основач на Трговско радиодифузно друштво РАДИО СКАЈ ДООЕЛ од Берово, со претежна шифра на дејност 59.11 – дејности на производство на филмови, видеофилмови и телевизиска програма. [24]

Согласно член 15 став 2, Советот им наложи на овие радиодифузери, во рок не подолг од три месеца од денот на утврдувањето на постоење недозволена медиумска концентрација, да го усогласат своето работење со одредбите од

[20] Согласно член 13, став 3, алинеја 4 од Законот за радиодифузната дејност „недозволена медиумска концентрација, во смисла на овој закон, се смета дека постои и кога како основачи на радиодифузери се јавуваат физички или правни лица кои се истовремено: ...основачи на друштво за реклама и пропаганда...“

[21] Согласно член 13, став 3, алинеја 4 и 5 од Законот за радиодифузната дејност „недозволена медиумска концентрација, во смисла на овој закон, се смета дека постои и кога како основачи на радиодифузери се јавуваат физички или правни лица кои се истовремено: ...основачи на друштво за реклама и пропаганда... и поврзани лица во смисла на одредбите од овој закон“. Во член 18 став 1 од Законот, јасно е наведено дека „Поврзани лица, во смисла на овој закон, се лицата кои се меѓусебно поврзани преку управување, капитал или на друг начин и кога тие поради таквата поврзаност заеднички ја креираат деловната политика, односно дејствуваат на координиран начин заради остварување заеднички цели, или кога едно лице има можност да насочува или значајно да влијае врз друго лице при одлучувањето за деловното работење или за програмскиот концепт на радиодифузерот...“

[22] Согласно член 13, став 3, алинеја 4 од Законот за радиодифузната дејност „недозволена медиумска концентрација, во смисла на овој закон, се смета дека постои и кога како основачи на радиодифузери се јавуваат физички или правни лица кои се истовремено: ...основачи на друштво за реклама и пропаганда...“

[23] Согласно член 13, став 3, алинеја 4 и 5 од Законот за радиодифузната дејност „недозволена медиумска концентрација, во смисла на овој закон, се смета дека постои и кога како основачи на радиодифузери се јавуваат физички или правни лица кои се истовремено: ...основачи на друштво за филмска продукција... и поврзани лица во смисла на одредбите од овој закон“. Во член 18 став 1 од Законот, јасно е наведено дека „Поврзани лица, во смисла на овој закон, се лицата кои се меѓусебно поврзани преку управување, капитал или на друг начин и кога тие поради таквата поврзаност заеднички ја креираат деловната политика, односно дејствуваат на координиран начин заради остварување заеднички цели, или кога едно лице има можност да насочува или значајно да влијае врз друго лице при одлучувањето за деловното работење или за програмскиот концепт на радиодифузерот...“

[24] Согласно член 13, став 3, алинеја 4 од Законот за радиодифузната дејност „недозволена медиумска концентрација, во смисла на овој закон, се смета дека постои и кога како основачи на радиодифузери се јавуваат физички или правни лица кои се истовремено: ...основачи на друштво за филмска продукција...“.

Законот за радиодифузната дејност. Во законски предвидениот рок, сите пет радиодифузери до Советот доставија докази дека ги отстраниле пречките за вршење радиодифузна дејност.

### 6.4 Транспарентност на сопственичката структура

Советот за радиодифузија го следеше исполнувањето на обврската на радиодифузерите, која произлегува од членот 20 од Законот за радиодифузната дејност, а се однесува на објавување на податоците за сопственичката структура и изворите на финансирање во претходната година. Имено, радиодифузерите беа должни најдоцна до 31 март да ги објават овие податоци во еден дневен весник, а трипати во година (на 31 март, 30 јуни и 31 октомври) во точно утврдени термини да ги објават овие податоци на сопствената програма. Согласно своите законски надлежности, на оние радиодифузери што не ја исполнија оваа обврска Советот им упати укажувања (на вкупно шест радиодифузери), а по оваа основа изрече и мерки[25], и тоа: осум мерки - писмена опомена, шест мерки - писмена опомена со барање за објавување, четири мерки - времена забрана за рекламирање и телешопинг за период од еден ден).

## 7. РАДИО И ТЕЛЕВИЗИСКИ ПРОГРАМИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС

Во текот на 2011 година, се започна со реализација на само три програми од јавен интерес, од кои два беа телевизиски и еден радиски. Од проектите од јавен интерес кои беа во фаза на реализација, завршени беа вкупно четири (три телевизиски и еден радиски).

Во текот на годината беа реализирани и следните активности: ажурирање на постапката за исплата на средствата според предвидените услови; следење на проектите што се во фаза на реализација; стручна продуцентска и драматуршка помош во реализацијата на проектите; усвојување на завршените проекти и анализа од аспект на жанровската структура, тематската ориентација, видот на продукцијата, субјектот на продукцијата/продуцентот, координација на активностите во врска со техничкиот преглед на проектите; дистрибуција на завршените проекти до трговските радиодифузни друштва и други субјекти со цел нивно умножување и понатамошно емитување.

## 8. ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА СОВЕТОТ

### 8.1 Наплата на радиодифузната такса

Радиодифузната такса е јавна давачка. Од вкупно наплатените средства во процентот утврден со Законот за радиодифузната дејност се финансираат ЈП Македонска радиотелевизија, ЈП Македонска радиодифузија и Советот за радиодифузија.

---

[25] Податокот е содржан во табеларниот преглед на крајот на извештајот „Изречени мерки од Советот за радиодифузија на РМ во 2011 година“ (Прилог бр. 2)

Од 1 јануари 2011 година, работите во врска со пресметувањето, утврдувањето и наплатата на средствата од радиодифузната такса на корисниците во име и за сметка на МРТ, ги врши Управата за јавни приходи. Регистерот на обврзници за плаќање на радиодифузната такса и понатаму ги врши МРТ. Управата за јавни приходи врз основа на податоците од регистарот на обврзници на радиодифузната такса го утврдува месечниот износ на радиодифузната такса, кој обврзникот е должен да го плати најдоцна до 15-ти наредниот месец. Во спротивно е должен да плати камата за секое задоцнување. Во постапките за утврдувањето и наплатата на средствата од радиодифузната такса ќе се применуваат одредбите од Законот за даночна постапка.

Како на еден од корисниците на средства од радиодифузната такса, 4 % од наплатените средства се уплаќаат на сметката на Советот за радиодифузија.

Заклучно со 31 декември 2011 година се уплатени средства во износ од 17.127.914,00 денари. Износот на наплатените средства и понатаму бележи пораст во однос на претходните години. Во 2011 година наплатениот износ е за 90 % повисок во однос на наплатените средства во 2010 година.

### 8.2 Ослободување од плаќање радиодифузна такса

Во текот на 2011 година, Советот за радиодифузија на Република Македонија, врз основа на член 146 став 2 од Законот за радиодифузната дејност („Службен весник на Република Македонија", бр.100/05, 19/07, 103/08, 6/10, 145/10 и 97/11) постапувајќи по дописите добиени од Јавното претпријатие „Македонска радиодифузија" – Скопје (бр.03-1077/1 од 29.03.2011 година, бр.03-1078/1 од 29.03.2011 година, бр.03-2045/2 од 20.06.2011 година и бр.03-2684/1 од 11.07.2011 година), до Владата на Република Македонија достави две предлог-одлуки за ослободување од плаќање радиодифузна такса, врз основа на кои беа донесени 2 (две) одлуки за ослободување од плаќање радиодифузна такса.

Имено, Владата на Република Македонија на седница одржана на 06.09.2011 година донесе Одлука за ослободување од плаќање радиодифузна такса бр.51-4020/1 од 6-ти септември 2011 година, со која се ослободуваат од плаќање радиодифузна такса обврзниците во населените места, кои не се покриени со радиодифузни сигнали, и тоа: с. Мренога, општина Демир Хисар, с. Слоештица, општина Демир Хисар, с. Жван, општина Демир Хисар, и с. Сопотница, општина Демир Хисар.

Исто така, на седницата одржана на 22.10.2011 година, Владата на Република Македонија донесе Одлука за ослободување од плаќање радиодифузна такса бр.51-5423/1 од 22-ри октомври 2011 година, со која се ослободуваат од плаќање радиодифузна такса обврзниците во населените места, кои не се покриени со радиодифузни сигнали, односно немаат прием на програмите на Јавното радиодифузно претпријатие „Македонска радиотелевизија", и тоа: с. Орел, општина Свети Николе, ул.„Вера Циривири", Велес и с. Саса, општина Македонска Каменица.

Во наведените одлуки, беше предвидено дека ослободувањето од плаќање радиодифузна такса е со времетраење до обезбедување на покриеност со радиодифузен сигнал на обврзниците од наведените населени места.

## 8.3 Наплата на надоместокот за дозволи за вршење радиодифузна дејност

Дозволата за вршење радиодифузна дејност се издава за емитување и пренос на одреден радио или телевизиски програмски сервис независно од техничките услови за пренос. Сите дозволи без разлика на подрачјето за кое се доделени како и видот на сервисот кој го емитуваат се доделуваат на период од девет години.

За дозволата се плаќа годишен надоместок на сметка на Советот за радиодифузија, чија висина се определува врз основа на формулата од член 60 од Законот за радиодифузната дејност ( „Службен весник на РМ“ бр. 100/05).

Советот за радиодифузија тековно го следи плаќањето на надоместокот за дозволата.

До сите трговски радиодифузни друштва и непрофитни радиодифузни установи, навремено беа доставени фактури за плаќање на надоместокот, согласно датумот на доделувањето на дозволата за периодот 2011–2012 година.

Главен фактор, којшто директно влијае на ненавременото и нецелосното подмирување на обврските на радиодифузните друштва кон Советот за радиодифузија на РМ во однос на плаќањето на утврдениот надоместокот за дозволата за вршење радиодифузната дејност, се светската економска криза која влијае и на домашниот пазар. Кризата директно влијае на сите стопански субјекти, со што се намалува бројот на огласувачите што, пак, директно се одразува на приходот на трговските радиодифузни друштвата.

Процентот на наплата на надоместокот за дозволите за вршење радиодифузна дејност во 2011 година изнесуваше 54,17 %.

## 8.4 Трансформација на поранешните локални јавни радиодифузни претпријатија

Советот за радиодифузија, и во текот на 2011 година, продолжи да го следи процесот на трансформација на локалните јавни радиодифузни претпријатија. Советот, на тој план, во неколку наврати се обрати до Министерството за економија на Република Македонија како надлежно ресорно министерство, со цел добивање податоци за текот на започнатите постапки за трансформацијата на постојните локални јавни радиодифузни претпријатија кои вршат радиодифузна дејност – радио на локално ниво. Во врска со ова, до Советот беше доставена информација дека Министерството за економија на 11.02.2011 година до Владата на Република Македонија доставило Информација за решавање на статусот на локалните радио дифузни претпријатија, која Владата на Република Македонија ја разгледала на 218-та Седница, одржана на 08.03.2011 и ги усвоила заклучоците со кои: се задолжува Министерството за економија да ги реализира заклучоците број 1 и 2 од Нацрт-извадокот од 182-рата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 07.09.2010 година по однос на Информацијата за трансформација на радијата; се укажува на управителите на локалните радиодифузни претпријатија кои не се приватизирале да покренат постапка на ликвидација на овие претпријатија и се задолжува Министерството за економија за напредокот на постапката да ја информира Владата на Република Македонија, во рок од 30 дена. Заради реализација на наведените заклучоци, Министерството

за економија изготви и достави допис бр. 15-1627/3 од 07.04.2011 година до 15 локални радиодифузни претпријатија кои не се приватизирале.

Во однос на донесената Одлука за поништување на јавниот повик за продажба на идеален дел од радијата кои ја започнале постапката за приватизација, објавен на 10.03.2008 година за: Центар за радио и новинарско издавачка дејност – Струмица, НРИО „Наш весник“ Куманово, Јавно радиодифузно претпријатие Радио Штип, Јавно радиодифузно претпријатие Радио Телевизија Гевгелија, Јавно радиодифузно претпријатие Радио Тетово, и Јавно радиодифузно претпријатие Радио Телевизија Пробиштип, Министерството за економија се обратило до Секретаријатот за законодавство со барање Секретаријатот да се произнесе за определување на законскиот основ на кој ќе се заснова Одлуката за поништување на јавниот повик, за Министерството за економија да може да постапи во насока на реализација на заклучокот на Владата на Република Македонија.

До крајот на извештајната 2011–та година, до Советот за радиодифузија не беше доставена информација за конечната разврска во однос на судбината на наведените субјекти кои не се приватизирале, односно за кои е донесената одлука за поништување на јавниот повик за продажба на идеален дел од радијата.

Во текот на 2011-та година, Советот за радиодифузија на РМ издаде 1 (една) дозвола на локалното јавно радиодифузно претпријатие во Кавадарци кое ја заврши постапката за трансформација.

Имено, врз основа на член 173, став 4 од Законот за радиодифузната дејност, согласно Одлуката на Советот за спроведување постапка на организациона и сопственичка трансформација на постојното јавно претпријатие кое врши радиодифузна дејност - радио на локално ниво „Работна организација Радио Телевизија Кавадарци” бр.02-1300/12 од 29.05.2006 година, а по успешно спроведена постапка на организациона и сопственичка трансформација, со Одлука за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност (радио) на локално ниво бр.07-156 од 19.05.2011 година („Службен весник на РМ“, бр.69/2011), на Трговското радиодифузно друштво РАДИО КАВАДАРЦИ ДОО Кавадарци се додели дозвола за вршење радиодифузна дејност, на подрачјето Кавадарци со најблиската околина, за емитување и пренос на радио програмски сервис на локално ниво, музичко радио од општ формат, на македонски јазик.

Во текот на ноември 2011-та година, Советот за радиодифузија на РМ ја поддржа иницијативата на Министерството за транспорт и врски на РМ за измени и дополнување на Законот за радиодифузната дејност, согласно кои се предвиде јавните претпријатија кои вршат радиодифузна дејност – радио на локално ниво, а кои не се запишани во трговскиот регистар како трговски радиодифузни друштва и кои не ја започнале или не ја завршиле постапката за трансформација согласно одредбите од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, да се избришат од соодветниот регистар на начин и услови предвидени во Законот за трговските друштва.

## 9. ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ

Советот за радиодифузија на Република Македонија, како орган кој е должен да постапува по одредбите од Законот за постапување по претставките и предлозите (“Службен весник на РМ”, бр.82/08), и во текот на 2011-та година,

продолжи да ги евидентира примените претставки согласно Правилникот за содржината, начинот и формата на водење евиденција на податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите како и содржината на извештаите („Сл.весник на РМ“, бр. 2/09), во Уписник за предметите по претставки и предлози (Образец УПП), и да постапува по нив во согласност со наведениот Закон.

Во Уписникот за предметите по претставки и предлози на Советот, за 2011 година, на пропишаниот Образец УПП („Сл.весник на РМ“ бр. 2/09), заклучно со 31.12.2011 година, беа евидентирани вкупно 177 претставки односно предлози, и по нив беше постапено во законски утврдениот рок.

Советот за радиодифузија на Република Македонија, согласно член 19 став 2 од Законот за постапување по претставките и предлозите и член 6 и член 8 од Правилникот за содржината, начинот и формата на водење евиденција на податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите како и содржината на извештаите, е обврзан до Министерството за правда на РМ, на секои шест месеци, да достави Извештај за податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите, на пропишаниот Образец ИПП („Сл.весник на РМ“ бр. 2/09). Врз основа на тоа, Советот во текот на 2011 година, достави два извештаи до Министерството за правда, и тоа:

- Извештај за податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите, за периодот од 01 јануари 2011 година до 30 јуни 2011 година (со придружен допис бр. 03-2788/1 од 22.07.2011 година), и
- Извештај за податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите, за периодот од 01 јули 2011 година до 31 декември 2011 година (со придружен допис бр. 03-233/1 од 25.01.2012 година).

# 10. ИЗВЕШТАЈ ЗА ВОДЕЊЕТО НА УПРАВНАТА СТАТИСТИКА

Советот и оваа година продолжи со имплементацијата на одредбите од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ“ бр. 38/05 и 110/08). Постапувајќи по Правилникот за содржината, начинот и формата на водење на извештаите од управната статистика („Службен весник на РМ“ бр. 02/09), во текот на 2011 година, Советот евидентираше вкупно 380 предмети од управна постапка кои беа заведени во соодветен уписник (УП 1). Според член 7 од Законот за општата управна постапка и член 8 и член 10 од Правилникот за содржината, начинот и формата на водење на извештаите од управната статистика, до Министерството за правда во законскиот рок беа доставени 2 извештаи: Извештај бр. 03-2811/1 од 26.07.2011 година и Извештај бр. 01-310/1 од 31.01.2012 година. Советот водеше и електронски уписник за предметите од првостепената постапка.

# 11. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ТЕЛА, ИНСТИТУЦИИ И ОРГАНИЗАЦИИ

## 11.1 Соработка со Координативното тело за интелектуална сопственост

Соработката со Координативното тело за интелектуална сопственост при Владата на Република Македонија беше редовна практика на Советот. Ова резултираше со зголемена правна дисциплина на операторите на јавни комуникациски мрежи. Во теренските и другите активности на ова тело учествуваа членовите на Советот, како и овластени лица на Агенцијата за електронски комуникации, Министерството за внатрешни работи и Управата за јавни приходи, а тие активности беа проследени со одземање на опрема за нелегален прием на телевизиски програмски сервиси и поднесување на прекршочни и кривични пријави. Овие активности добија и соодветен публицитет во електронските и печатените медиуми и на веб страниците на Државниот завод за индустриска сопственост и Советот и имаа позитивен одек во јавноста.

## 11.2 Соработка со Министерството за транспорт и врски

Соработката со Министерството за транспорт и врски беше концентрирана на измените и дополнувања на постојната радиодифузна регулатива, како и на процесот на хармонизација на македонското законодавство со европската Директива за аудиовизуелни медиумски услуги. Во првата декада на декември 2011 година, Министерството за транспорт и врски ја објави намерата за регулација на медиумската сфера, со донесување на нов Закон за медиуми, што значи регулатива што ќе ги опфати и електронските и печатените медиуми. Советот за радиодифузија, веднаш по оваа објава, беше домаќин на средбата на претставниците на овој регулатор и претставниците на Министерството за транспорт и врски, Агенцијата за електронски комуникации, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Македонската радиотелевизија, делегациите на Европската унија во Македонија и други институции, посветена на идната медиумска регулација, нејзиниот опсег, задачите и мандатот на регулаторот и други релевантни прашања.

## 11.3 Соработка со Министерството за култура

Со Министерството за култура Советот соработуваше во врска со регистрацијата на пакетите програмски сервиси на операторите на јавни комуникациски мрежи и покренувањето прекршочни постапки против операторите на јавни комуникациски мрежи, во случај на нивно постапување спротивно на член 82 став 2 од Законот за радиодифузната дејност. Беше остварена соработка и на планот на прецизирањето и разграничувањето на надлежноста за покренување на постапка за прекршочна и кривична заштита на авторските и сродните права во делот што се однесува на радиодифузерите и операторите на јавни комуникациски мрежи, од аспект на Законот за

радиодифузната дејност и новодонесениот Закон за авторското право и сродните права („Службен весник на РМ“ бр. 115/10 и 51/11). Советот соработуваше со Министерството и по повод заедничката претставка на неколку оператори на јавни комуникациски мрежи, со во неа содржано барање за запирање на извршувањето на Правилникот со тарифа за користење авторски музички дела на Здружението за заштита на авторски музички права „ЗАМП“ – Скопје и поведување на постапка за оцена на неговата законитост во делот што се однесува на кабелското реемитување на радио и телевизиски програми во кабелска мрежа.

### 11.4 Соработка со Министерството за економија

Соработката со Министерството за економија се однесуваше на процесот на трансформацијата на поранешните локални јавни радиодифузни претпријатија, а беше реализирана за да се разменат информации за статусот на овие радиодифузери, како и за можноста за финализирање на започнатите процеси.

### 11.5 Соработка со Министерството за финансии

Со Министерството за финансии соработката беше во делот на создавањето институциска структура за децентрализирано управување со проекти, финансирани од ИПА ТАИБ, конкретно во делот на финализирањето на тендерското досие за заедничкиот проект со АЕК, финансиран од ИПА ТАИБ 2009.

### 11.6 Соработка со АЕК и со МРД

Советот ја продолжи вообичаената и редовната соработка со Агенцијата за електронски комуникации и притоа беа разменувани мислења за теми од заемен интерес и беа вршени редовни консултации за одредени прашања.

Соработката со Македонската радиодифузија (МРД), се однесуваше на утврдувањето на фактичката ситуација на терен за квалитетот на приемниот сигнал на Јавниот радиодифузен сервис, односно подготвуваме мислења испратени до Владата на РМ за ослободување од плаќање на радиодифузната такса.

Имајќи предвид дека 2011 година е период на т.н. симулкаст во РМ, каде работат паралелно и аналогниот и дигиталниот систем во поглед на реемитувањето на ТВ сервисите, претставници од Советот заедно со претставниците на Министерството за транспорт и врски, АЕК, МРД и на локалните и регионални трговски радиодифузни друштва, присуствуваа на два состанока чија главна тема беше дигитализацијата на радиодифузијата во РМ како и статусот на локалните и регионалните ТРД по процесот на дигитализација. На овие состаноци се искажа загриженоста на локалните и регионалните трговски радиодифузни друштва кои сметаа дека по процесот на дигитализација, би се проблематизирал преносот на нивниот програмски сервис. Од Советот како регулатор, како и од АЕК и Министерството за транспорт и врски како носител на

дигитализацијата, беше побарано да се воспостават правила за фер понуда од страна на идните оператори на јавни комуникациски мрежи.

### 11.7 Соработка со Народниот правобранител

Соработката со Народниот правобранител се состоеше во доставување на податоци за соодветната и правична застапеност на припадниците на заедниците во Советот за радиодифузија и во појаснување на одредбите од член 110 од Законот за радиодифузната дејност, како одредба што го уредува прашањето за таканаречената „must carry“ обврска на операторите на јавни комуникациски мрежи, како и на фактот дека овој закон нема одредби за таканаречената „задолжителна понуда“ на операторите на јавни комуникациски мрежи (позната под англискиот назив „must offer“), како задолжение за овој вид субјекти под еднакви и недискриминаторски услови да ги реемитуваат програмските сервиси на домашните комерцијални радиодифузери на државно, регионално или локално ниво.

### 11.8 Соработка со Министерството за труд и социјална политика

Во текот на 2011 година од страна на Министерството за труд и социјална политика беа организирани дебати за Предлог измените и дополнувањата на законот за еднакви можности на жените и мажите. Законот беше донесен во јануари 2012 година.

Советот соработуваше со Министерството за труд и социјална политика и во врска со оперативниот план за имплементација на НПАРР 2007-2012.

### 11.9 Соработка со Секретаријатот за европски прашања

Советот соработуваше со Секретаријатот за европски прашања и по повод редовните месечни извештаи за напредокот во остварувањето на обврските од НПАА. Воедно, претставници од Советот учествуваа во соодветниот поткомитет за информатичко општество и аудиовизуелни услуги. Беше остварена соработка со СЕП и во текот на програмирањето на нови проекти, спроведувањето на актуелните проекти, како и известувањето за нивната реализација, наменети за градење на институционалните капацитети.

### 11.10 Соработка со Државната комисија за спречување на корупцијата

Соработката со Државната комисија за спречување на корупцијата беше концентрирана на остварување на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси 2011 – 2015 година, врз основа на правната позиција на Советот како независно регулаторно непрофитно тело со јавни овластувања во радиодифузната дејност и Протоколот за соработка за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси.

Претставници на Советот зедоа активно учество на мајската и јунската работилница на државната комисија, посветена на медиумите и граѓанското

општество, на која се елаборираа и следниве прашања: актуелната легислатива и нејзината имплементација; дефинирањето на основните проблеми во двата сектора – финансирањето на медиумите и финансирањето на граѓанскиот сектор; концентрацијата на сопственоста кај медиумите и конфликт на интереси и поврзаноста на медиумите и граѓанскиот сектор со политиката и други центри на моќ; дефинирање на конкретни проблеми како и предлог мерки и активности за спречување на корупција и конфликт на интереси. Овие две работилници беа во функција на изготвување на Државна програма за превенција и репресија на корупцијата и Државна програма за спречување и намалување на појавите на судир на интереси, со Акционен план 2011–2015.

Советот и Комисијата, во мај и јуни 2011 година, остварија преписка по повод барањето на регулаторот да му биде доделена финансиска помош од Владата на Република Македонија за реализација на неговите законски обврски за надзор на однесувањето на радиодифузерите во време на предвремените парламентарни избори во Република Македонија, одржани во месец јуни 2011 година, во делот за покривање на трошоците за опрема и за ангажирање на нужните надворешни соработници преку агенциите за привремени вработувања. Советот на Комисијата ѝ достави и податоци за платеното политичко рекламирање на трговските радиодифузни друштва на државно ниво во времето од 16.05.2011 до 03.06.2011 година.

Од страна на членовите на Советот беа уредно исполнети и навремено исполнувани обврските за пополнување на анкетни листови и изјави за судир на интереси. И одредени вработени во Стручната служба на Советот, во зависност од службената положба и обврската по тој основ, пополнуваа и доставуваа изјави за судир на интереси.

### 11.11 Соработка со Дирекцијата за заштита на личните податоци

Во текот на 2011-та година Дирекцијата за заштита на личните податоци на РМ подготви и објави Стратегијата за развој на заштитата на личните податоци во РМ за периодот 2011–2015 година и Акциски план, во врска со чие презентирање во текот на 2011-та година организираше работилници, семинари и конференции.

Во согласност со склучениот Меморандум за соработка помеѓу Дирекцијата и Советот за радиодифузија на РМ, а во насока на подобрување на практиката за заштита на личните податоци кои се објавуваат во рамките на програмските сервиси на радиодифузерите, Дирекцијата упати покана до Советот за учество на работилницата за медиумите и невладините организации одржана на 3-ти октомври 2011-та година.

На работилницата на која присуствуваа двајца претставници од Советот, беше презентирана Нацрт – Стратегијата за развој на заштитата на личните податоци во РМ за периодот 2011-2015. Во рамките на стратешката цел – Зајакнување на јавната свест, беше истакнато дека е предвидено донесување и имплементација на Стратегија за комуникации со јавноста и внатрешна комуникација, согласно која се предвидува истражување за состојбите во одделни области (медиуми и сл.). Во оваа насока, претставници од Дирекцијата наведоа дека е спроведено истражување на свеста кај медиумите за имплементација на правото на заштита на лични податоци во кое биле вклучени уредници, новинари и останати

медумски работници, при што беа најавени нивна промоција и објавување.

По повод гореспоменатото истражување, Дирекцијата упати покана до Советот за учество на настанот „Конференција за стратешки пристап во развој на механизмите за заштита на личните податоци“, одржана на 25-ти декември 2011-та година на која, меѓу другото, беше презентирано и „Истражувањето на свеста кај медиумите за имплементација на правото на заштита на личните податоци“, спроведено во периодот јуни–јули 2011 година. Како заклучок од добиените резултати од истражувањето беше истакнато дека е ниско нивото на свеста кај новинарите од аспект на почитувањето на правото на заштита на личните податоци како фундаментално човеково право. Како две главни причини за ваквата состојба беа наведени „трката“ на новинарите по сензации и ексклузивни вести, како и вклучувањето на политиката/политичките притисоци врз медиумските работници.

По претходна покана од Дирекцијата, претставници од Стручната служба на Советот, земаа учество и на семинарот на тема „Заштита на личните податоци во телекомуникацискиот сектор“, одржан на 12-ти декември 2011-та година. Во рамките на семинарот беа презентирани основните начела и принципи за заштита на личните податоци, анализата на домашната регулативата од областа на телекомуникациите во поглед на заштита на личните податоци како и компаративното искуство за заштита на личните податоци во телекомуникацискиот сектор во земјите членки на ЕУ.

Одржаните работилници, семинари и конференции овозможија размена на искуствата и добрите практики во областа на заштита на приватноста при медиумското емитување на лични податоци.

# 12. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

## 12.1 Соработка со Европската Комисија

Во текот на 2011 година, Советот за радиодифузија активно учествуваше на состаноците што се организираа во рамките на спроведувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација и во други активности поврзани со соработката со Европската Комисија. Во февруари 2011 година, во Скопје се одржа седмиот состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација. Прашањата поврзани со радиодифузната дејност беа разгледувани во рамките на областа за регулаторна реформа во областа на електронските комуникации и аудиовизуелната политика. Од страна на Советот беа презентирани информации за активностите на Советот остварени во 2011 година: реализираните активности за имплементација на Законот за радиодифузната дејност и на Стратегијата за развој на радиодифузната дејност и плановите за јакнење на административниот и институционалниот капацитет на Советот, како и мерките што ги има преземено Советот за надминување на забелешките од извештаите на ЕК за напредокот на земјата.

## 12. 2 Европска платформа на регулаторните тела (ЕПРА)

Во извештајниот период, Советот за радиодифузија беше домаќин на пролетниот состанок на ЕПРА, што се одржа во Охрид, а на кој учествуваа околу 200 претставници од регулаторните тела за медиуми од континентална Европа, Израел и од некои заткавкаски републики. На состанокот во Охрид, покрај размената на најдобрите искуства и практики во однос на спроведувањето на ЕУ Директивата за аудиовизуелни медиумски сервиси, беше избрано и новото раководство на ЕПРА. Претседавачот со ЕПРА го оцени состанокот како една од дотогаш најдобро организирани пленарни состаноци на платформата и со писмо, упатено до Советот посебно го пофали ангажманот на Советот. Претставници од Советот учествуваа и на есенскиот состанок на платформата истата година, што се одржа во Брисел, Белгија.

Во подготовките за состанокот на ЕПРА, Советот партиципираше со извештај за најзначајните активности во изминатите шест месеци. Преку оваа платформа со останатите регулаторни тела Советот разменуваше и други искуства во однос на медиумската регулација.

## 12.3 Соработка со Медитеранската мрежа на регулаторни тела (МНРА)

Претставници од Советот учествуваа и на подготвителниот состанок на МНРА што се одржа во јуни на Малта, како и на главната средба на МНРА, којшто исто така се одржа на Малта во месец ноември. Главните теми на состанокот беа: заштитата на малолетниците и регулацијата на нови и класични медиумски сервиси.

Член на Советот одржа презентација на тема: „Регулација на реални шоу програми".

## 12.4 Иницијатива за формирање Мрежа на регулаторни тела на Југоисточна Европа

Советот започна иницијатива за формирање на Мрежа на регулаторни тела на Југоисточна Европа, како придружна активност на пролетниот состанок на ЕПРА. Регулаторните тела од Бугарија, Србија, Црна Гора и Македонија во оваа насока потпишаа заедничка Изјава за соработка.

## 12.5 Соработка со странски регулаторни тела и друга меѓународна соработка

Претставник од Советот учествуваше и на состанокот на Меѓународната организација на франкофонијата, што се одржа во мај во Софија со свое експозе на тема: „Плурализмот во сферата на новите медиумски сервиси".

Претседателот на Советот во јули учествуваше на обука за менаџмент во медиумите, што ја организираше Министерството за економија на НР Кина.

Член на Советот учествуваше на конференцијата за географски информациони системи, што се одржа во месец октомври во Будимпешта, Унгарија. Темите што се обработуваа беа: е-владеење на национално и регионално ниво, телекомуникации, ГИС-софтвер, употреба на ГИС преку „облак“, управување со кризни состојби предизвикани од елементарни непогоди, природни ресурси и заштита на човековата околина, енергетика и услужни дејности, национална инфраструктура на просторни податоци, транспорт и логистика и далечинско снимање.

## 12.6 Друга билатерална соработка

Во јули 2011 година делегација од регулаторното тело за медиуми на Република Косово го посети Советот за да размени најдобри искуства во однос на спроведувањето на медиумската легислатива во насока на полесно надминување на заедничките регулаторни предизвици.

Во текот на годината, Советот редовно остваруваше контакти и средби со останати мултилатерални организации, како што се ОБСЕ и ЕУ, како и билатерално со дипломатско-конзуларните претставништва во земјата.

## 12.7 Користење на ИПА-фондовите на ЕУ

Во текот на извештајниот период заврши имплементацијата на проект, финансиран од фондовите на ИПА ТАИБ 2008, компонента 1, наменет за изработка на студија за Советот и АЕК, којашто ги дефинираше областите каде што е потребно дополнително зајакнување на капацитетите, по што, меѓународниот консултант одржа презентација на оваа студија пред членовите на Советот.

Заедничкиот проект од ИПА ТАИБ 2009, што се имплементира заедно со АЕК, наменет за зајакнување на институционалните капацитети на двете регулаторни тела, напредуваше во фазата на финиширање на тендерската документација за негово спроведување и претселекција на економски оператори. Во првата половина на годината работната група на ИПА во Советот доби акредитација за децентрализирано спроведување проекти.

Советот во јуни потпиша договор со Делегацијата на ЕУ за користење фондови од ИПА Транснешнал 2009, со цел имплементација на проект за полесно надминување на јазот што ќе се јави при исклучување на аналогниот и премин кон дигитален пренос на ТВ-сервисите.

Беше прифатен и проектот наменет за унапредување на слободата на медиумите, финансиран од ИПА ТАИБ 2011. Носител на овој проект ќе биде Советот, а негови корисници ќе бидат ЈП МРТ и Здружението на новинари на Македонија.

### 12.8 Засилување на капацитетите на работната група за ИПА

Во текот на 2011 година, членовите на работната група за ИПА учествуваа на обуките и семинарите што ги организираше СЕП, во насока на поефикасна имплементација на проектите и запознавање со новите одредби во прирачниците за спроведување на проекти. Обуките најмногу се фокусираа на следните области: стратешко планирање и програмирање, мониторинг и евалуација, користење на системот МИС и електронска размена на документи, воведување на секторскиот пристап при изработка на проектни фишеа итн.

### 12.9 Учество на Советот во Националниот план на РМ за Алијансата на цивилизациите на Обединетите нации

Советот учествуваше со свои предлози во креирањето на Националниот план на Република Македонија за Алијансата на цивилизациите. Алијансата на цивилизациите е формирана во 2005 година, под покровителство на Обединетите нации, за да се создадат платформи за дијалог помеѓу политичките и религиозните групи, медиумите и граѓанското општество во четири области: образование, млади, медиуми и миграција.

## 13. ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА СОВЕТОТ

### 13.1 Облици на комуникација со јавноста

За остварување на транспарентност во работењето и информирање на јавноста за неговите законски надлежности и дејствување, Советот користеше повеќе средства за комуникација.

Советот редовно одржуваше прес-конференции по разни актуелни теми, организираше брифинзи за новинарите, поединечни интервјуа и др.

Советот го измени и својот Деловник за работа за на сите медиуми и заинтересирани субјекти да им овозможи директно присуство на седниците. На овој начин Советот придонесе и кон поголема промоција на неговата работа во јавноста.

Заради приближување до граѓаните и до другите субјекти во радиодифузната дејност, Советот комуницираше преку веб страницата којашто редовно ја ажурираше, при што беше прикажана максимална транспарентност на институцијата во нејзиното работење. Притоа се тежнееше кон остварување на главните цели на веб-алатката за комуникација, и тоа на три јазика: македонски, албански и англиски, преку:

- информирање и едукација на граѓаните во однос на новите технологии во сферата на радиодифузијата како и законските надлежности на Советот за радиодифузија;
- информирање на јавноста за секојдневната работа на Советот преку објавување на дневните редови на седниците и записниците од нив;
- информирање на меѓународната јавност за активностите на Советот;

- соопштенија до медиумите и известувања за активностите на Советот.

Советот ја информираше јавноста за сите значајни активности, програмата за работа и финансискиот план на Советот, како и за извештајот за работа од претходната година, за сите правилници, упатства, препораки и одлуки кои ги донел, за резултатите од спроведените мониторинзи, за мерките преземени против прекршителите на законските и договорните обврски. Печатените изданија на Советот, како и конкурсите за доделување дозволи и друга конкурсна и тендерска документација беа објавувани во електронска форма. На веб страницата на Советот беа објавени и актуелни документи, конвенции, директиви, препораки и упатства на Европската Унија и Советот на Европа.

### 13.2 Пристап до информации од јавен карактер[26]

До Советот за радиодифузија, како имател на информации од јавен карактер, во текот на 2011 година, беа доставени вкупно осум барања за пристап до информации од јавен карактер. На сите осум барања беше одговорено позитивно.

## 14. МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА СОВЕТОТ, КАДРОВСКИ И ТЕХНИЧКИ РЕСУРСИ

### 14.1 Материјално-финансиско работење на Советот

Планираниот Финансиски план на Советот за радиодифузија за 2011 година со измените кои беа направени во текот на 2011 година изнесуваше 76.132.420,00 денари.

Направените измени во текот на 2011 година беа нужни бидејќи се случија активности што не можеа однапред да се предвидат. Имено, во текот на годината беше донесена одлука за распишување на предвремени парламентарни избори. Во ваков случај, согласно со своите законски овластувања, Советот за радиодифузија, е должен да врши мониторинг на програмите на трговските радиодифузни друштва кои учествуваат во медиумското преставување и затоа требаше да се планираат средства за ангажирање лица за вршење на мониторирањето. Освен тоа, со измените на Законот за радиодифузната дејност („Службен весник на РМ“ бр. 97/100 од 18 јули 2011 година), се зголеми и бројот на членови на Советот за радиодифузија што беше уште една причина за да се направат измени во Финансискиот план на Советот. .

Вкупно остварените приходи во 2011 година изнесуваа 67.311.728,00 денари, а вкупно потрошените средства за оваа година беа 63.455.571,00 денари.

Најголемо учество во вкупно реализираните приходи преставуваат средствата наплатени по основ на издадени дозволи за вршење радиодифузна дејност за периодот 2011–2012 година, како и наплатата на побарувања по

[26] Деталните податоци за сите пристигнати барања за пристап до информации од јавен карактер се наведени во Табеларниот преглед на крајот од Извештајот „Барања за пристап до информации од јавен карактер“ (Прилог бр. 10)

наведениот основ за претходниот период. Вкупните приходи од платените дозволи за вршење радиодифузна дејност изнесуваат 43.147.672,00 денари.

Наплатените средства од радиодифузната такса во текот на 2011 година изнесуваат 17.127.914,00 денари. Средствата наплатени по наведениот основ повторно се зголемени во однос на претходниот период. Во 2010 година од вкупно прибраните средства од радиодифузна такса, на Советот за радиодифузија му беа исплатени 8.974.826,00 денари. Споредбено, зголемувањето на овие средства во однос на претходната година изнесува 90 проценти.

Останатите приходи се од камата на депозити во висина од 6.699.875,00 денари, средства користени од ИПА фондот во износ од 307.999,00 денари и други вонредни приходи од 30.267,00 денари.

Вкупно направените расходи во периодот од 1 јануари заклучно со 31 декември 2011 година, изнесуваат 63.455.571,00 денари, и тоа за:

- потрошени канцелариски материјали, гориво и масла, ситен инвентар и останати материјали во износ од 1.113.780,00 денари;
- потрошена електрична и топлинска енергија во текот на 2011 година во вкупен износ од 1.301.839,00 денари;
- одржување на опремата, одржување на хардверска и софтверска опрема, како и за сервис на патнички возила за што се потрошени средства од 535.973,00 денари;
- печатарски услуги и услуги за одржување на работните простории во вкупен износ од 380.074,00 денари;
- фиксна и мобилна телефонија, поштенски трошоци и други транспортни услуги за што се платени средства во висина од 1.863.354,00 денари;
- издатоци за репрезентација, реклама, пропаганда кои изнесуваат 365.053,00 денари;
- наемнина за користење на деловниот простор со износ од 5.837.817,00 денари;
- судски и административни такси, издатоци за стручна литература, весници и списанија, расходи за семинари и регистрација на моторни возила во износ од 422.303,00 денари;
- расходи за одржување на конгреси 5.706.989,00 денари;
- плаќање провизии за платен промет и банкарска провизија (средства во износ од 75.050,00 денари);
- премии за осигурување на недвижности и каско осигурување на леки коли износ од 39.773,00 денари;
- надоместоци за покривање на патни и дневни трошоци за патување во земјата и странство, се платени средства од 1.688.376,00 денари;
- надоместок за одвоен живот, јубилејни награди и други надоместоци за вработени во износ од 1.520.444,00 денари;
- членарина во меѓународни организации во износ од 123.500,00 денари;
- ангажирање на лица преку Агенција за привремени вработувања, ангажирање експерти за преглед и техничка оценка на проектите од јавен интерес, специјализација на вработените и истражувања во врска со радиодифузната дејност за што се потрошени средства во вкупен износ од 4.707.505,00 денари;

- други расходи (службени огласи, ангажирање на надворешен независен ревизор, веб хостинг, здравствени услуги и слично) кои изнесуваа 937.789,00 денари.

- набавки на информатичка опрема, мебел и друга опрема за што се потрошени средства во износ од 1.616.125,00 денари.

- набавки на нематеријализирани авторизирани средства (софтвер) за што се платени 415.200,00 денари и

- исплата на плати, надоместоци од плата, апанажи и придонеси во вкупен износ од 31.546.247,00 денари.

За финансирање на проекти од јавен интерес на радиодифузни друштва и независни продуценти во текот на 2011 година се исплатени средства во износ од 1.955.150,00 денари.

## 14.2 Кадровски ресурси на Советот

Во текот на 2011 година, Собранието на Република Македонија го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за радиодифузната дејност, објавен во „Службен весник на РМ", бр. 97 од 18 јули 2011 година, со кој бројот на членовите на Советот за радиодифузија на РМ се зголеми од 9 (девет) на 15 (петнаесет) члена. Со оглед на тоа, а врз основа на членовите 23 и 28 став 1 од Законот за радиодифузната дејност („Сл.весник на РМ", бр. 100/05, 19/07, 103/08, 6/2010, 145/2010 и 97/2011), Собранието на Република Македонија, на ден 26 август 2011 година, донесе Одлука за избор на членови на Советот за радиодифузија бр. 07-3548/1 од 26 август 2011 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 114/2011, со која беа избрани 6 (шест) членови на Советот, со мандат од шест години.

Во текот на 2011 година, работниот однос на 5 (пет) лица вработени во Стручната служба на Советот за радиодифузија на РМ, од работен однос на определено време се трансформира во работен однос на неопределено време.

Освен тоа, во 2011 година во Советот заснован е работен однос на определено време со 1 (едно) лице, за работното место виш соработник во Секторот за меѓународна и европска соработка и односи со јавноста, почнувајќи од 01.09.2011 година, а заклучно со 30.04.2013 година, односно во периодот од почетокот до завршувањето на проектот за воведување дигитална телевизија во Југоисточна Европа „SEE Digi. TV project".

Врз основа на наведеното, може да се заклучи дека во Советот за радиодифузија на РМ во текот на 2011 година редовен работен однос засновале вкупно 51 (педесет и едно) лице, од кои: 15 (петнаесет) се членови на Советот за радиодифузија и 36 (триесет и шест) лица вработени во Стручната служба на Советот од последниве 35 (триесет и пет) лица се вработени на неопределено време и 1 (едно) лице е вработено на определено време.

## 14.3 Технички ресурси на Советот

Советот за радиодифузија испланира и реализира повеќе активности за набавка на опрема заради подигање на својот административен и институционален капацитет. Во 2011 година беа спроведени планираните активности во поглед на набавки и одржување на техничката опрема, а како дел

од процесот за модернизација на Советот за радиодифузија беа набавени 22 персонални преносни компјутери со врвни перформанси. Набавен е и ситен информатички материјал како мемориски стикови, разни кабли, CD-R и DVD-R дискови, DVD драјвови, тастатури и друг порошен информатички материјал.

Како вложување во капацитетите со опрема на Советот од аспект на хардвер е набавката на IP базирана телефонската централа. Вложувања во опрема имаше и во делот на клима-уредите, со купување на 10 нови клима-уреди. Во насока на одржување на техничките ресурси на Советот, со примена на Законот за јавните набавки беа спроведени и постапки за обезбедување на услуги какви што се:

- одржување на мрежата и компјутерските системи;
- Интернет и хостинг и одржување на апликативните програми на Советот;
- одржување и поправка на клима-уреди;
- одржување на НЕОДОК електронската архива;
- одржување на системот за анализа на видео содржините.

# ПРИЛОЗИ

**Прилог бр.1**

## Укажувања од редовниот мониторинг спроведен од Советот за радиодифузија на РМ во 2011 година

| УКАЖУВАЊА ОД СТРАНА НА СРД ПРОТИВ РАДИОДИФУЗЕРИТЕ (ТРД) И ЈАВНИОТ РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. Бр.** | **Назив на радиодифузерот/јавниот радиодифузен сервис на кого му е упатено укажувањето** | **Арх. број и датум на укажувањето** | **Прекршување на член од Законот за радиодифузната дејност (ЗРД)/друг Закон/Правилник во врска со кој е упатено укажувањето** | **Опис на прекршување:** |
| **1.** | ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ **МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА – МАКЕДОНСКО РАДИО ПРВА ПРОГРАМА** | 03-901 15.03.2011 | Член 124 од ЗРД | Не исполнување на законската обврска за емитување најмалку 45 % вокално-инструментална музика на македонски јазик |
| **2.** | ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ **МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА – МАКЕДОНСКО РАДИО ПРВА ПРОГРАМА** | 03-901 15.03.2011 | Член 97 став 1 од ЗРД | Емитување реклами неозначени и неиздвоени од другите делови на програмата со оптички или акустички средства. |
| **3.** | ТРД **РАДИО Роса** | 03-3808/5 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ДООЕЛ Кочани | 10.11.2011 | Член 20 ставови 3 и 4 од ЗРД | Недоставени податоци за финансиското работење во претходната година |
| **4.** | ТРД **ДИ-ЏЕЈ** Славе ДООЕЛ Струга | 03-3808/7 10.11.2011 | Член 20 ставови 3 и 4 од ЗРД | Недоставени податоци за финансиското работење во претходната година |
| **5.** | ТРД **Енџелс ФМ** ДООЕЛ Штип | 03-3772/6 26.10.2011 | Член 106 став 1 од ЗРД | Неозначен спонзор |
| **6.** | ТРД **Енџелс ФМ** ДООЕЛ Штип | 03-3808/11 10.11.2011 | Член 20 ставови 3 и 4 од ЗРД | Недоставени податоци за финансиското работење во претходната година |
| **7.** | ТРД **Енџелс ФМ** ДООЕЛ Штип | 03-3772/3 26.10.2011 | Член 74 став 2 од ЗРД | Необезбедување најмалку 30 % од емитуваната вокално-инструментална музика да биде на ромски јазик (воопшто не емитувал вокално-инструментална музика на ромски јазик) |
| **8.** | ТРД **Енџелс ФМ** ДООЕЛ Штип | 03-3772/4 26.10.2011 | Член 97 став 1 од ЗРД | Емитување реклами неозначени и неиздвоени од другите делови на програмата со оптички или акустички средства. |
| **9.** | ТРД **Енџелс ФМ** ДООЕЛ Штип | 03-3772/5 26.10.2011 | Член 98 став 1 од ЗРД | Емитување прикриено рекламирање. |
| **10** | ТРД **РАДИО ЗОНА М-1** Светлана ДООЕЛ Скопје | 03-4052/1 14.11.2011 | Член 20 ставови 1 и 2 од ЗРД | Необјавени податоци што се однесуваат на работењето на радиодифузерот во претходната година. |
| **11** | | 03-3331/1 | Член 74 став 2 од ЗРД | Необезбедување најмалку 30 % од емитуваната вокално- |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ТРД **Радио Канал 77**<br>ДООЕЛ Штип | 15.09.2011 | | инструментална музика да биде на македонски јазик. |
| 12 | ТРД ГАУДЕАМУС<br>**РАДИО КЛАСИК ФМ**<br>Мартин ДООЕЛ Скопје | 03-3808/9<br>10.11.2011 | Член 20 ставови 3 и 4 од ЗРД | Недоставени податоци за финансиското работење во претходната година. |
| 13 | ТРД **Радио Пехчево**<br>Ванчо ДООЕЛ Пехчево | 03-3808/9<br>10.11.2011 | Член 20 ставови 3 и 4 од ЗРД | Недоставени податоци за финансиското работење во претходната година. |
| 14 | Радиодифузно трговско друштво<br>**РОС Метрополис Радио**<br>ДОО Скопје | 03-3243/1<br>06.09.2011 | Член 106 став 1 од ЗРД | Неозначен спонзор. |
| 15 | Радиодифузно трговско друштво<br>**РОС Метрополис Радио**<br>ДОО Скопје | 03-3242/1<br>06.09.2011 | Член 96 од ЗРД | Рекламни спотови за домашни миленици и секси шопови емитувани се со ознака безплатно емитување спротивно на член 96 од ЗРД. |
| 16 | ТРД Ќани Исаилоски<br>**РАДИО ТЕРНИПЕ**<br>(Младост)ДООЕЛ Прилеп | 03-4055/1<br>14.11.2011 | Член 20 ставови 1 и 2 од ЗРД | Необјавени податоци што се однесуваат на работењето на радиодифузерот во претходната година. |
| 17 | Непрофитна радиодифузна установа<br>УНИВЕРЗИТЕТСКО **РАДИО УГД ФМ** | 03-3773/2<br>28.10.2011 | Член 74 став 2 од ЗРД | Необезбедување најмалку 30 % од емитуваната вокално-инструментална музика да биде на македонски јазик (воопшто не емитувал вокално-инструментална музика на македонски јазик) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
